РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1328

Скопје, 15 април 2025 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1328 ОД 15 АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции** од **м-р Али Муриќи**, пријавена на Градежниот факултет – Скопје............................6-11
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ана Димоска, Димитар Андонов, Ѓоко Лазороски, Милена Ѓоргиоска, Ментор Шабан**)....................................................12

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Тамара Мијовиќ Спасова**).....................................................................................................13

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Моника Улер-Зефиќ**).....................................................................................................14
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Дамјан Ристовски, Дамјан Цветковски**)....................................................................15

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ортопедски болести, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска**).....................................................................................................16-28
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област анатомија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Аце Додевски**).....................................................................................................29-41
3. Рецензија на ракописот **Медицинска бактериологија и вирусологија – специјален дел** од група автори.....................................................................................................42-46
4. Рецензија на ракописот **Медицинска микологија и паразитологија** од група автори.....................................................................................................47-51
5. Рецензија на ракописот **Медицинска микробиологија – општ дел** од група автори.....................................................................................................52-56
6. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Катерина Крстева Јакимовска, Милена Богојевска Доксевска, Христина Ампова, Енгин Емини, Неда Трајковска, Беса Шишко Азири, Славко Тасевски, Владимир Ристовски, Наталија Цоклеска, Ива Панева, Џулиана Михајловска, Марио Јованоски**).............57-58

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Теа Мицевска, м-р Гоце Коцевски**).....................................................................................59

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања од научната област ортодонција на Стоматолошкиот факултет – Скопје (**науч. сор. д-р Марија Манева Ристовска**)..........................60-81

2. Реферат за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент од научната област орална медицина и пародонтологија, на Стоматолошкиот факултет – Скопје (**ас. д-р Бојан Попоски**)........................................................82-89

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Дарко Димитровски**).................90-104

2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 2.11.05.02 – прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**доц. д-р Мишела Темков**)........................105-119

3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Оливера Младеновска – Аневска, Александра Кимевска**)........................................................120

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) одгледување и наследни болести кај животните, на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**вонр. проф. д-р Никола Адамов**)........................121-135

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Рецензија на учебникот/учебно помагало **Основи на ТВ-режија**, прво издание, од авторот **проф. д-р Антонио Митриќески**........................................................136-141

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Дамјан Јаневски, Дарко Колоски, Стефан Шипинкоски**)........................................................142

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Никола Стефановски, Стефан Тошески, Сунчица Андонова, Христијан Пејовски Јованоски, Марија Јовановска Ристовска**)........................................................143

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Зорица Зафировска**)........................................................144

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Анџело Симиќ**)........................................................145

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Елизабета Атанаскова, Надица Ванева Наќинова**)........................................................146

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Десанка Стамкова, Јована Сарагиновски, Лела Лазарова**)........................................................147

3. Преглед на одобрена тема за изработка на специјалистички труд (**Зорица Кировска**)........................................................148

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Александра Јаковчевска, м-р Владимир Таневски, м-р Гентиана Мемети Адеми, м-р Филип Марковски**)........................................................................................................................149
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Милена Крстевска Јовановиќ, Ирена Младеновска, Павлина Стефанова, Христина Блажевска, Филип Трајковски, Мартина Ставревска, Љиљана Стојанова, Михаела Ѓурчиноска, Андријана Шокларовска, Павел Балојани**)..................................................................150-151

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Соња Китановска-Кимовска**)........................................................................................................152-182

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Гордана Трајкоска, Наташа Чаловска**)..................................................................................183

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО И АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПАРЦИЈАЛНОТО СПРЕГАЊЕ КАЈ ЧЕЛИЧНИ ГРЕДИ ОД МЕЃУКАТНИ КОНСТРУКЦИИ“ ОД М-Р АЛИ МУРИЌИ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 547. седница одржана на 31.1.2025 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Али Муриќи со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции“, во состав: проф. д-р Тони Аранѓеловски (претседател), проф. д-р Петар Цветановски (ментор), проф. д-р Зоран Богатиноски (член), проф. д-р Сергеј Чурилов (член) и проф. д-р Насер Кабаши, (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Грдежниот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Али Муриќи, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции“, содржи 131 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со single проред и големина на букви 12, со 50 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги и прописи.

Трудот е структуриран во 8 глави и воведен дел. Во воведниот дел се дадени кратко резиме на македонски и на англиски јазик, содржина на трудот, листа на ознаки, листа на слики и листа на табели. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во осумте поглавја, презентирано е истражувањето и дадени се добиените резултати, од што на крајот се извлечени заклучоци, образложувајќи го научниот придонес со препораки за понатамошни истражувања во областа. Во дисертацијата се презентирани 30 табели, 167 слики, графикони и дијаграми, со кои се објаснуваат постапките на истражувањето и се презентираат добиените резултати.

### 1. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Општа предност на спрегнатите носачи е зголемувањето на крутоста за свиткување, помала потрошувачка на челик и побрза градба, пред сè кога се користи профилиран лим како оплата за лиење на свежиот бетон.

Предмет на истражувањето се ефектите од примената на обичен профилиран лим, FR38/158, кој нема испакнувања за остварување на спрегање со бетонот, односно профилиран лим кој служи како оплата за свежиот бетон. Густината на профилацијата, односно растојанието на брановите на лимот (во конкретниот случај 158mm), како и ширината на појасната ламела на челичниот носач, го дефинира бројот на можданици. Во истражувањето, земен е челичен носач од IPE240 кој, според ширината на појасната ламела, овозможува примена на еден можданик (d=19mm) во попречниот пресек.

Со анализа на вообичаена диспозиција на ваков спрегнат носач од меѓукатна конструкција, усвоена е дебелина на армиранобетонската плоча од 10 cm, еднаква со висината на можданиците. Бетонот е предвиден со најприменуваниот квалитет МБ30 (C25/30). Меѓукатните плочи кај кои нема заштитен слој над главата на можданикот можат рационално да се применат во случаи кога има изведба на подна кошулка и/или соодветна изведба на карактеристичен под (керамички, мермерни или гранитни плочи).

Во поглед на статичкиот систем, истражувана е проста греда со распон од приближно 6 м, што во најчест случај одговара на секундарен носач кај меѓукатни конструкции со поголемо растојание помеѓу столбовите (8 до 12 m). Согласно со статичкиот систем, челичниот носач, профилираниот лим, дебелината на плочата и типот на можданиците, често произлегува случај на т.н. парцијално (делумно) спрегање.

Влијанието на диспозицијата на челичниот профилиран лим во однос на челичниот носач, со ребра поставени подолжно или попречно, во однос на носечкиот капацитет и однесувањето на спрегнатиот носач е, исто така, предмет на истражувањето.

Парцијалното спрегање произлегува од дефицит во носечкиот капацитет на можданиците за прием на смолкнувањето при граничен/пластичен момент на свиткување. Со други зборови, тоа е дефицит во потребниот број на можданици за полно спрегање, од конструктивно диспозициони причини, или проектирана редукција на бројот на можданици во случаи кога контролата на употребливоста се јавува како меродавен критериум.

Носивоста на средствата за спрегање, во случајот цилиндрични можданици со глава, во европската регулатива Еврокод 4 не е посебно регулирана за случај на можданици без заштитен слој од бетон над главата на можданикот. Реално е да се очекува дека носивоста на можданици без заштитен слој е нешто пониска од случајот кога ваков слој е изведен (со минимално пропишана дебелина). Една од целите на истражувањето е и експерименталното определување на носивоста и дуктилноста на овие можданици.

Примената на еластични можданици, како што се цилиндричните можданици со глава, резултира со намалување на крутоста на спрегнатиот носач во однос на примена на крути можданици. Целта на истражувањето е определување на реалната крутост и споредба со соодветната крутост на идеализиран случај на спрегање.

## 2. ПРЕГЛЕД НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА

Во последните децении извршени се голем број на истражувања поврзани со примената на спрегањето кај меѓукатните конструкции. Истражувани се методите за спрегање на бетонот со профилираниот лим, спрегањето на а.б. плоча (класична или изведена врз профилиран лим) со челичниот носач, носивоста на средствата за спрегање (можданици) во различна диспозициона констелација на профилацијата на лимот со оската на челичниот носач, како и носивоста во случај на класично изведена а.б. плоча. Покрај сѐ, голем број на параметри, кои ги детерминираат ефектите од спрегањето, не се јасно дефинирани и предмет се на актуелни истражувања.

Имајќи го предвид предметот на истражување на докторската дисертација, прегледот на литература поврзан со областа на трудот е поделен на два сегмента. При прегледот на релевантната литература поврзана со спрегањето на меѓукатни носачи, најпрвин таа е разгледана од аспект на истражувања кои се однесуваат на експериментални резултати, додека во вториот сегмент, прегледот на литература е фокусиран на аналитички презентирани резултати со нумерички истражувања поврзани со предметот на дисертацијата.

Носивоста и дуктилноста на цилиндричните можданици со глава во зависност од типот на армиранобетонската плоча (полна плоча/плоча излиена на оплата од профилиран лим), како и од диспозицијата на профилираниот лим (подолжна / попречна), претставува еден од параметрите кои се цел на низа истражувања (Цветановски П., Galjaard H.C., Horita Y). За утврдување на носивоста и дуктилноста на можданиците, пропишана е експериментална процедура, односно стандардизираниот тест (Eurocode 4 : Part 1-1 : Annex B2). Посебно треба да се нагласи дека носивоста и дуктилноста на чеп-можданици со глава без заштитен слој од бетон е област во која има недостаток од релевантни експериментални истражувања.

Носивоста и диктилноста на чеп-можданици со глава вградени во бетонска плоча со челичен профилиран лим беше предмет на обемно експериментално истражување извршено на Градежниот факултет во Скопје. Тестот на смолкнување на трите типа со по три примероци, од предметната докторска дисертација, беше дел од ова истражување.

Извршени се низа експериментални истражувања на спрегнати греди во полн размер. Едно од тие истражувања ( Amanyire B. V.) е поврзано е со испитување на ефектите од парцијалното спрегање. Ефектите од преднапрегањето со контролорани деформации кај континуирани греди се истражувани на Градежниот факултет во Скопје (Popovski D., Partikov M., Cvetanovski P.). Едно од постарите и обемни истражувања на однесувањето на спрегнати греди е извршено од Cosenza E. & Mazzolani S.

Покрај екперименталните истражувања, извршени се и бројни аналитички истражувања, како во доменот на носивоста и дуктилноста на можданиците, така и во доменот на однесувањето на спрегнати греди. Аналитички истражувања преку нумеричко моделирање на

примероците за тестот за смолкнување извршени се од Konrad M., Lam D., Stephen H. Генерално, добиените резултати се споредени со препорачаните вредности во Еврокод 4.

Покрај експерименталните истражувања, извршени се и голем број на аналитички истражувања на носивоста и однесувањето на спрегнати греди со профилирам челичен лим и цилиндрични мозданици со глава (Enrico S., Dall'asta A. & Zona A., Faella C., Wang, Y. C.). Особен акцент се става на ефектите од еластичното однесување на цилиндричните мозданици. Аналитичките истражувања се засноваат на примената на методот на конечни елементи преку посебни елементи за смолкнување, или преку тродимензионално моделирање на средствата за врска.

## 3. КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТАТА МЕТОДОЛОГИЈА

При реализацијата на дисертацијата е запазена вообичаената научна методологија, која се состои од дефинирање на научниот проблем, истражување на научна литература во доменот на дефинираниот проблем, соодветна научна разработка преку експериментална и нумеричка анализа и, на крај, споредба и анализа на добиените резултати.

Анализата на спрегнатите греди со челичен профилиран лим и носивоста на цилиндричните мозданици со глава без заштитен слој од бетон над главата опфаќа: експериментални истражувања, нумеричко моделирање и параметарска анализа на ефектите од парцијалното спрегање.

Во оваа докторска дисертација, експерименталните истражувања претставуваат главен извор на резултати, давајќи одговор на прашањата поврзани со типот на армиранобетонската плоча. Предмет на истражувањата се спрегнати греди со полна плоча, како основен случај и два типа на спрегнати греди со челичен профилиран лим. Првиот, со профилиран лим, чии ребра се поставени паралелно на распонот на челичниот носач, и вториот, со профилиран лим, чии ребра се поставени попречно на распонот на челичниот носач.

Експерименталното истражување е извршено на трите типа армиранобетонска плоча за утврдување на носивоста и дуктилноста на мозданиците преку три серии од по три примероци за испитување со смолкнување (pushout test). Исто така, преку три греди во полн размер, извршено е експериментално испитување на однесувањето на спрегнатата греда со полна плоча (M1), профилиран лим, подолжно поставен (M2) и профилиран лим, попречно поставен (M3).

Нумеричкото моделирање е спроведено со примена на софтверскиот програм ABAQUS 6.14 преку прецизно дефинирани математички тридимензионални модели од конечни елементи за претходно испитуваните типови на греди (M1, M2 и M3). За моделирање на челичниот носач, мозданиците и бетонската плоча се применуваат 3D солид елементи со осум јазли (C3D8R), а профилираниот лим е моделиран со површински (лушпести) елементи со 4 јазли (S4R), а арматурата е моделирана со двојазлени решеткасти елементи (T3D2).

Со цел да се добие пореална слика за ефектите од парцијално спрегање, аналитички се моделирани и соодветните типови на испитни греди со редуциран број на мозданици, односно степен на спрегање.

Сите експериментално и аналитички добиени резултати се споредени со аналитичкиот модел на еластично однесување на идеализиран спрегнат пресек.

## 4. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Врз основа на поставениот предмет на истражувањето, а согласно со дефинираните цели, резултатите од спроведеното истражување во оваа докторска дисертација се презентирани во осум глави.

Во **првата глава** на трудот, дефинирани се проблемот, предметот и целите на истражувањето, образложени се научните методи, даден е преглед на литературата и научните достигнувања во соодветната област, структурата на докторската дисертација и краток осврт на заклучните согледувања.

Во **втората глава** се презентирани испитните модели на спрегнатите греди со диспозиција и опис на мерната техника и средствата за нанесување на товарот. Исто така, дадени се и резултатите од испитувањето на користените материјали, бетонот, челикот и средствата за спрегање. Презентирани се резултатите од испитувањето на јакоста и модулот на бетонот, карактеристиките на челикот и носивоста и дуктилноста на средствата за спрегање.

Во **третата глава** се презентирани стандардизираните методи за пресметка на спрегнатите греди. Пред сè, дадени се принципите и правилата согласно со Европската регулатива (Eurocode 4) кои се искористени за утврдување на очекувани вредности на одредени параметри во експерименталното истражување, како и за компарација на експериментални со аналитички резултати.

Во **четвртата глава** од докторската дисертација, дадени се резултатите од испитувањето на трите модели на спрегната греда, преку табели, графици, дијаграми и слики.

Во **петтата глава** е даден е опис на спроведеното аналитичко истражуавање на трите модели на спрегнати греди со користење на програмскиот пакет ABAQUS 6.14 и нелинеарна еластопластична анализа со тродимензионално моделирање. Исто така, дадени се и резултати од аналитичкото истражување на параметрите на однесувањето на гредите, во поглед на деформации и напрегања. Покрај тоа, дадени се и резултатите од параметарската анализа на ефектите од делумно спрегање преку дополнителни два модела за секоја испитна греда со редуциран број на мożданици.

Во **шестата глава** е дадена е споредба на резултатите од експерименталното и аналитичкото истражување, со соодветна анализа на разликите или степенот на совпаѓање. За подобар увид,  споредени се и резултатите од претпоставено идеално еластично однесување на спрегнатата греда.

Во **седмата глава,** презентирани се главните заклучоци од ова истражување и дадени се препораки за дополнителни истражувања кои треба да послужат како насока за понатамошни анализи.

На крајот од оваа докторска дисертација, во **осмата глава,** даден е прегледот на литература користен при нејзината изработка.

## 5. ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување, преку научен методолошки пристап се определени јакосните и деформационите карактеристики на трите спрегнати греди, со полна плоча, со профилиран челичен лим, подолжно поставен и профилиран челичен лим, попречно поставен на оската на челичната греда.

Преку изведените експериментални истражувања на механичките карактеристики на составните компоненти на спрегнатиот пресек и носивоста и дуктилноста на средствата за спрегање, добиени се параметрите за моделирање на материјалите во аналитичкото истражување.

За носивоста и дуктилноста на мożданиците, извршен е специфициран тест врз 3 типа со по 3 испитни примероци. Применети се цилиндрични мożданици со глава без заштитен слој од бетон над главата од мożданикот, што е ретко истражуван случај. Резултатите покажуваат задоволителна дуктилност, но релативно пониска носивост во однос на препораките во европската регулатива. Ова е особено индикативно кај т.н. попречна (трансверзална) положба на челичниот профилиран лим.

Со експерименталното истражување на трите типови спрегнати греди во полн размер, добиена е јасна слика за влијанието на положбата на профилираниот лим во однос на оската на челичниот носач врз носивоста и крутоста на гредата. Кај првите два модела, утврден е модел на лом преку течење на материјалот и брз прираст на деформациите, додека кај третиот модел, ломот се јавува преку смолкнување на бетонот во површината над реброто од профилираниот лим.

Крутоста на спрегнатите греди со примена на еластични средства за врска, односно цилиндрични мożданици со глава, без заштитен слој од бетон, е значително пониска од очекуваната крутост на идеално еластична спрегната греда со крути средства за врска. Ова е поизразено кај спрегнатите носачи каде што бетонската плоча е излиена врз челичен профилиран лим, особено кај т.н. попречна (трансверзална) положба на челичниот профилиран лим.

Резултатите од аналитичкото истражување се во добра корелација со експерименталните резултати. Извесна разлика е забележана во споредбата кај моделот со полна плоча. Со аналитичката варијација на бројот на мożданици утврдено е влијанието, односно ефектите од делумното спрегање. Делумното спрегање, до извесна мера, има релативно мали ефекти на граничниот капацитет на носивост, но има значителни ефекти врз деформабилноста, односно врз условите за употребливост.

Високиот степен на совпаѓање на резултатите од аспект на однесувањето на предметните спрегнати греди, изложени на монотон прираст на товарот, дава за право аналитичкото моделирање да се применува како релевантен метод за определување на нивната носивост и употребливост.

Генерално, примената на трапезно профилиран лим, без испакнувања/вдлабнатини, како оплата за свежата бетонска маса е прифатливо решение во поглед на постигнување на спрегнато дејство на челичните греди кај меѓукатните конструкции.

Примената на вообичаен бетон C25/30 кај спрегнатите греди од меѓукатни конструкции е оправдано, но има влијание врз потребната крутост на гредата од аспект на критериумите за употребливост.

## 6. ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација на кандидатот м-р Али Мурики, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции“, претставува истражување во научното подрачје **инженерство и технологија**, научно поле: **градежништво**, научна област: **конструкции**.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација, преку научно дефиниран методолошки пристап, дава одговор на разбирањето за однесувањето на спрегнати греди од меѓукатни конструкции кај кои е применет челичен профилиран лим како оплата за свежата бетонска маса. Меѓу другото, добиени се конкретни резултати за носивоста и дуктилноста на цилиндричните мождани со глава, применети без заштитен слој од бетон над главата од мозданикот.

Преку експериментални и нумерички анализи, определен е носивиот капацитет и крутоста на трите типови спрегнати греди. Добиените резултати од нумеричките модели, споредени со експериментално определените резултати, ја оправдуваат примената на нумеричката анализа како релевантна за утврдување на носивоста и употребливоста кај ваков тип на носечки елементи. Дополнително, со нумеричката анализа, утврдени се и ефектите од евентуално делумно спрегање врз носивоста  и деформабилноста на предметните спрегнати греди.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Али Мурики, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## 7. ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Кандидатот, врз основа на резултатите од своите истражувања, пред одбраната на докторскиот труд, како прв автор го има објавено потребниот број на рецензирани трудови во меѓународни научни публикации, со што ги исполни законските услови за одбрана на докторската дисертација.

[1] Muriqi, A., Cvetanovski, P., “Experimental and analytical study of composite beams with profiled steel sheeting”, SJCE, Volume 13, Issue 2, December 2024, Pages : 53-58.

[2] Muriqi, A., Cvetanovski, P., “Experimental and analytical study of load and slip capacity of headed stud connectors in composite slabs for buildings”, International Journal of Civil Engineering and Technology, Volume 16, Issue 2, March-April 2025, Pages : 65-79.

Кандидатот, како прв автор, има објавено и напис во гласилото на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РС Македонија, ПРЕСИНГ, бр. 67 од март 2025 година, под наслов: „Спрегнати греди челик-бетон во меѓукатни конструкции”. Написот има за цел проблематиката работена во докторската дисертација, а особено примената на спрегнатите греди, да ја претстави пред стручната јавност кај нас.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на деталната анализа на докторската дисертација, увидот во актуелноста на темата, утврдената цел и користената методологија на истражување, се заклучува дека **главниот научен придонес** на кандидатот е експерименталната и аналитичка квантификација и споредба на носивоста и крутоста на спрегнати греди со примена на челичен профилиран лим во подолжна и пипречна диспозиција. Посебен придонес е експерименталното определување на носивоста и дуктилноста на цилиндрични можданици со глава без заштитен слој од бетон.

Презентирајќи ги своите истражувања, кандидатот **подрачјето на примена** го фокусира на спрегнати греди од меѓукатни конструкции со примена на челичен профилиран лим без испакнувања за спрегање со бетонската плоча. Ова е честа примена во градбата кај нас каде што, доста често, не се користи спрегање на челичниот носач со бетонската плоча.

Имајќи ги предвид ограничениот број на експериментални истражувања насочени кон анализа на спрегнатите носачи кај згради, кандидатот **идните истражувања** ги предлага кон дополнителни истражувања во доменот на крутостните карактеристики на спрегнатите греди со еластични средства за врска, односно цилиндрични можданици со глава, а со цел да се олесни нивната контрола на употребливост преку одредени аналитички изрази за еквивалентна крутост. Ова е особено битно и за одредување на динамичкото однесување на меѓукатните плочи со спрегнати челични греди. Истражувањето на ефектите од делумното спрегање врз носивоста и деформабилноста кај спрегнатите греди со профилиран лим со поширока варијација на параметрите, исто така, наметнува потреба од дополнителни анализи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Али Мурики** со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од парцијалното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции“.

*Напомена: Членот на Комисијата кој е од странство го разбира македонскиот јазик и го потпишува овој извештај.*

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тони Аранѓеловски, претседател,**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Петар Цветановски, ментор,**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Богатиновски, член,**
**Машински факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Сергеј Чурилов, член,**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Насер Кабаши, член,**
**Градежен факултет, Универзитет во Приштина „Хасан Приштина”, Приштина, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

## Скопје, УКИМ - 549. седница на ннс од 26.3.2025г.

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ана Димоска, дипл. геод. инж. | *Анализа на урбаното ширење на Град Скопје врз основа на Ландсат сателитски снимки* | *Analysis of urban expansion of Skopje based on Landsat satellite imagery* | Проф. д-р Лазо Димов | 9.4.2025 02/109-65 |
| 2 | Димитар Андонов, дипл. град. инж. | *Споредбена анализа на методи за пресметка на индекс на квалитет на колосек* | *Comparative analysis of methods for calculating the track quality index* | Проф. д-р Златко Зафировски | 9.4.2025 02/109-63 |
| 3 | Ѓоко Лазороски, дипл. геод. инж. | *Геодетски мерења и анализа на геометријата на проектирана и изведена состојба на автопатска делница* | *Geodetic measurements and analysis of the geometry of the designed and construicted state of a highway section* | Проф. д-р Лазо Димов | 9.4.2025 02/109-64 |
| 4 | Милена Ѓоргиоска, дипл. геод. инж. | *Анализа на можностите на дигиталната картографија во унапредувањето на концептот на паметните градови* | *Analysis of the possibilities of digital cartography in advancement of the concept of smart cities* | Проф. д-р Златко Србиноски | 9.4.2025 02/109-61 |
| 5 | Ментор Шабан, дипл. град. инж. | *Споредбена анализа на двобродна челична хала со кранска греда според МКС и Еврокод* | *Comparative analysis of two-bay steel hall with crane beam according to MKS and Eurocode* | Вонр. проф. д-р Миле Партиков | 9.4.2025 02/109-62 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕН ПРЕДЛОГ ДОКТОРСКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

| Ред Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **М-р Тамара Мијовиќ Спасова** | **„Влијанието на одгледувањето тутун и субвенциите врз социо – економската состојба на тутунарите во Северна Македонија“** | **„Alternative investments and risk diversification: theoretical and empirical approach“** | **Проф.д-р Билјана Ташевска** | **3.4.2025 година бр.02-606/21** |

# П Р Е Г Л Е Д

**на предлог проект за изработка на докторски труд прифатена од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 27 март 2025 година**

## 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Моника Улер-Зефиќ | Сеопфатна валоризација на цврс отпад за енергетска примена како RDF и импликации врз околината преку емисијата на стакленички гасови | Comprehensive valorization of solid waste for energy applications as RDF and environmental implications through GHG emissions | Проф. д-р Ристо Филкоски | 02-136/4 27.03.2025 год. |

# П Р Е Г Л Е Д

**на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 27 март 2025 година**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Дамјан Ристовски | Креирање на прашалник и оценување на нивото на зрелост на компаниите во областа на ESG | Designing a Questionnaire for Assessing Corporate ESM Maturity Levels | Проф. д-р Бојан Јованоски | 02-374/2 27.03.2025 год. |
| 2. | Дамјан Цветковски | Иновативен дизајн пристап за развој на производ со имплементација на интернет на нештата | Innovative Design Approach for Product Development Using the Internet of Things | Проф. д-р Иле Мирчески | 02-461/2 27.03.2025 год. |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.3.2025 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ортопедски болести, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2181/33, донесена на 8.4.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милан Самарџиски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Божиновски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Даниела Георгиева, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област ортопедски болести, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска.

**Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска**

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска е родена на 18.2.1971 година во Скопје. Средно образование завршила во средното биотехнолошко училиште „Никола Карев“ во 1989 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во 1995 година, со просечен успех 9,40.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1996/1997 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила на 26.10.2004 година, со просечен успех 9,10. На 7.2.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Евалуација на клиничката и артроскопската дијагноза на менискалните лезии при повреди на коленото*.

Докторска дисертација пријавила во ноември 2011 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Компаративна анализа на дијагностичките методи кај мекоткивните повреди на коленото* ја одбранила на 14.8.2014 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Анастасика Попоска, доц. д-р Златко Темелковски, проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, доц. д-р Милан Самарџиски и проф. д-р Михаел Груневски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област ортопедски болести.

На 15.10.2015 година е избрана во звањето научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа ортопедски болести.

На 15.11.2019 година е избрана во звањето доцент на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа ортопедски болести.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1218 на 1.7.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1109 од 15.10.2015 година, Билтен бр. 1203 од 15.11.2019 година и Билтен бр.1218 од 1.7.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска изведува наставно-образовна дејност на прв циклус студии на студиската програма Општа медицина и на тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, на тригодишните стручни студии за дипломирани акушерки, како и на тригодишните стручни студии за дипломиран физиотерапевт. Кандидатката, исто така, изведува наставно-образовна дејност на втор циклус студии од студиската програма: Специјализација на физиотерапевти во ортопедија и хирургија.

Кандидатката била ментор на 42 дипломски работи. Кандидатката е ментор и едукатор на 6 специјализанти по ортопедија и едукатор на 25 специјализанти по семејна медицина.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 48 дипломски теми и на 3 комисии за оцена и одбрана на тема на докторска дисертација.

Кандидатката е ментор на 2 студента запишани на трет циклус студии – докторски студии.

### Научноистражувачка дејност

Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска има објавено вкупно 157 научни труда од обласга ортопедски болести, 64 труда во меѓународни научни списанија и 92 труда во зборници од научни собири со меѓународно учество.

Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска учествувала како главен истражувач на научниот проект „Влијанието на Platelet-Rich Plasma (PRP) и вискозосуплементите во лекувањето на пациенти со гонартроза“, одобрен од Етичката комисија при Медицинскиот факултет во Скопје од 18.6.2018 година.

Кандидатката е автор на 4 рецензирани книги под наслов: Sports Injuries издадена од Springer-Verlag во 2014 година, Intraarticular Fractures, издадена од Springer Nature, во 2019 година, „Ортопедски болести – одбрани поглавја“, публикувана во 2021 година и Sports Injuries, издадена од Springer-Verlag во 2024 година.

### Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на Клиниката за ортопедски болести, каде што врши стручна дејност како специјалист по ортопедија.

Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска врши експертски активности како рецензент на трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор со и без фактор на влијание.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Лекарската комора на Македонија.

Учествува како член на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа при Министерството за труд и социјална политика.

Кандидатката е член на Наставниот одбор, Одборот за специјализации и Комисијата за тригодишни стручни студии при Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска е раководител на Одделот за вродени аномалии на локомоторниот апарат во детска возраст и е активно вклучена во работата на стручни комисии при ЈЗУ Клиника за ортопедски болести – ТОАРИЛУЦ, Скопје. Членува во уредувачки одбори при меѓународни научно-стручни списанија и активно е вклучена како член на рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научни звања.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Вонр. проф. *д-р Роза Глигор Џолева-Толевска*
**Институција:**
*Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести – ТОАРИЛУЦ*
**Научна област:**
*ортопедски болести*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,40.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,10. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: медицински науки; поле: ортопедски болести. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1<br><br>1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>**1.** Назив на научното списание: **Research in Physycal Education, Sport and Health.**<br>2. Електронска база на списанија: indexed in the Directory of Open Access Journals – DOAJ and EBSCO Databases.<br>3. Наслов на трудот: Giant cell tumor of the proximal tibia treated with en bloc resection and reconstruction with semi-constrained. Dejan Damjanovik, Daniela Georgieva, **Roza Dzoleva Tolevska**, Viktor Kamnar, Nenad Atanasov, Igor Atanasovski, Kiril Petkovski, Sanja Gjurcheska. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2021; Vol. 10, No. 1, pp.10-15. | |
| 2 | **1.** Назив на научното списание: **International Journal of Recent in Art and Sciences**<br>2. Електронска база на списанија: Меѓународен уредувачки одбор.<br>3. Наслов на трудот: Pediatric surgical stress response and anesthesia. Jasminka Nanceva, Viktor Kamnar, Nenad Atanasov, Andreja Nancheva-Bogoevska, Daniela Georgieva, **Roza Dzoleva-Tolevska**, Antonio Georgiev, Marjan Balovski.<br>4. Година на објава: 2021, Vol 12:51-65. | |
| 3 | **1.** Назив на научното списание: **Acta orthopedica et traumatologica macedonica**<br>2. Електронска база на списанија: Меѓународен уредувачки одбор.<br>3. Наслов на трудот: Use of radiographic classification system in distraction osteogenesis. Atanasov N, Kamnar V, Georgieva D, **Dzoleva Tolevska R.**, Grujoska Veta D, Shabani I, Sheshovski O, Damjanovikj D.<br>4. Година на објава: 2022: Vol 10, pp.9-16. | |
| 4 | 1. Назив на научното списание: **Sanamed - IF 2022: 0.2**.<br>2. Електронска база на списанија: EBSCO, DOAJ, Serbian citation index,Google Scholar, CrossRef,Index Copernicus, CNKI Scholar, J-Gate, Hinari, BASE, ICMJE, SafetyLit, Academic Journal Database, Electronic Journals Library, Open Access Library – OALib, Polish Ministry of Science and Higher Education, Geneva Foundation for Medical Education and Research, OAJI (Open Academic Journals Index)<br>3. Наслов на трудот: Outcomes of ultrasound-monitored treatment of developmental dysplasia of the hip Graf type II. **Djoleva Tolevska R.**, Matveeva N, Georgieva D, Bojadzieva Stojanoska B.<br>4. Година на објава: Sanamed 2022; 17(3): 151-157 | |
| 5 | **1.** Назив на научното списание: **Academic Medical Journal**<br>2. Електронска база на списанија: Меѓународен уредувачки одбор.<br>3. Наслов на трудот: Misdiagnosis of cerebrobrachial syndrome with subocclusion of the left subclavian artery. Georgiev A, Kalpak O, Pejkov H, Boshev M, Jovanoski M, Bojovski I, Manev N, Mitevski G, Nikolovski R, Jovanovski Srceva M, Georgieva D, **Dzoleva Tolevska R.**<br>4. Година на објава: 2023; 3(3):82-87. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 6 | **1.** Назив на научното списание: **Academic Medical Journal**<br>2. Електронска база на списанија: Меѓународен уредувачки одбор.<br>3. Наслов на трудот: Assessment of pre-and post-operative values of erythrocytes, hemoglobin, hematocrit and drainage volume after administration of tranexamic acid in total hip arthroplasty. Damjanovikj D, Georgieva D, Dzoleva Tolevska R, Atanasov N, Majstorov V, Saveski A, Atanasovski I, Komnenovikj M, Zlateska Gjurikj S, Zlateska Damjanovikj A.<br>4. Година на објава: 2024;4(3): 75-80 | |
| 3.2<br><br>1<br><br>2<br><br>3<br><br>4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Наслов на книгата: **Sports Injuries**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - Германија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer- Verlag Berlin Heidelberg, 2014<br><br>1. Наслов на книгата: **Intraarticular Fractures – Minimally Invasive Surgery**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - Швајцарија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer Nature, 2019.<br><br>1. Наслов на книгата: **Ортопедски болести – одбрани поглавја**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - Турција<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Berikan Yayinevi, 2021, Ankara.<br><br>1. Наслов на книгата: **Sports Injuries**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - Германија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer- Verlag Berlin Heidelberg, 2024 | Да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.7.2020, Билтен број:1218 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милан Самарџиски, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Божиновски, с.р.**
**Проф. д-р Даниела Георгиева, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
*Вонр. проф. д-р Роза Џолева-Толевска*
**Институција:**
*Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести – ТОАРИЛУЦ*
**Научна област:**
*ортопедски болести*

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр** | **Назив на активноста:** | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава** | | | |
| | Одржување на настава по предметот Ортопедија за Општа медицина во периодот 2020 – 2025 год. | 54 | 0,04 | **2,16** |
| | Одржување на настава по предметот Здравствена нега на хируршки болни од сродни области за Тригодишни студии за мед. сестри и техничари во периодот 2020 – 2025 год. | 15 | 0,04 | **0,6** |
| | Одржување на настава по предметот Ортопедија за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020 – 2025 год. | 32 | 0,04 | **1,28** |
| | Одржување на настава по предметот Физиотерапија во МКС за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020-2025 год. | 20 | 0,04 | **0,8** |
| | Одржување на настава по предметот Спортска медицина за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020-2025 год. | 14 | 0,04 | **0,56** |
| | Одржување на настава по предметот Избрани теми од трауматологија, прва помош и ортопедија за Тригодишни студии за акушерки во периодот 2020-2025 год. | 4 | 0,04 | **0,16** |
| | Одржување на настава по предметот Протетика и ортотика за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020-2025 год. | 15 | 0,04 | **0,6** |
| 2 | **Одржување на вежби** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одржување на вежби по предметот Ортопедија за Општа медицина во периодот 2020-2025 год. | 152 | 0,03 | **7,2** |
| | Одржување на вежби по предметот Здравствена нега на хируршки болни и болни од сродни области за Тригодишни студии за мед.сестри и техничари во периодот 2020-2025 год. | 11 | 0,03 | **0,75** |
| | Одржување на вежби по предметот Ортопедија за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020-2025 год. | 6 | 0,03 | **1,02** |
| | Одржување на вежби по предметот Физиотерапија во МКС за Тригодишни студии за физиотерапевти во периодот 2020-2025 год. | 15 | 0,03 | **0,54** |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии, стручни специјалистички студии – Физиотерапија за ортопедија и хирургија** | | | |
| | Одржување на настава по предметот Ортопедски заболувања во периодот 2020-2025 год. | 75 | 0,05 | **3,75** |
| | Одржување на настава по предметот Функционална проценка на мускулно-скелетен систем во периодот 2020-205 2год. | 36 | 0,05 | **1,8** |
| | Одржување на настава по предметот Спортски повреди во периодот 2020-2025 год. | 75 | 0,05 | **3,75** |
| | Одржување на вежби по предметот Ортопедски заболувања во периодот 2020-2025 год. | 125 | 0,03 | **3,75** |
Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Бојан Попоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Бојан Попоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област орална медицина и пародонтологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Бојан Попоски да биде избран во звањето асистент во научната област орална медицина и пародонтологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ќиро Ивановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Силвана Георгиева, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Дирјанска, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНО ПРОЦЕСНО И БИОТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.3.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-601/1 од 27.3.2025, донесена на 25. редовна седница одржана на 27.3.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Донка Донева-Шапческа, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет, д-р Весна Рафајловска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет и д-р Ирина Младеноска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Дарко Димитровски, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Дарко Димитровски е роден на 7.5.1981, во Скопје. Средно образование завршил во гимазијата „Никола Карев“ во Скопје, во 1999 година. Со високо образование се стекнал на Технолошко-металуршкиот факултет, на насоката прехранбено-биотехнолошко инженерство, на тема: „Симулација на процес за производство на стартер култури за јогурт со помош на *SuperPro Designer“*. Дипломирал на 27.5.2005 година со просечен успех 9,5.

Во учебната 2007/2008 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Технолошко-металуршкиот факултет, на насоката Прехранбено инженерство. Студиите ги завршил на 31.3.2010 година, со просечен успех 10,0, кога го одбранил магистерскиот труд под наслов: „Оптотермички прозорец и колориметрија – директни методи за квантификација на каротеноиди во овошјето и зеленчукот“.

Докторска дисертација пријавил на 18.5.2011 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дисертацијата под наслов: „Испитување на пробиотски својства на бактерии од родот Lactobacillus, со примена на in vitro клеточен модел и нивна примена во храна за посебни нутритивни потреби“ ја одбранил на 18.3.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор (ментор), д-р Слободанка Кузманова, редовен професор во пензија, д-р Донка Донева-Шапческа, вонреден професор, д-р Мирјана Боцевска, редовен професор и д-р Елена Величкова, доцент. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област прехранбена биотехнологија.

На 6.12.2007 година е избран во звањето помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Билтен на УКИМ бр. 924 од 13.7.2007), по предметите: Храна и исхрана, Микробиологија, Микробиологија на храна и санитација, Основни процеси во биотехнологијата 1, Основни процеси во биотехнологијата 2 и Биолошки основи на суровините.

На 15.7.2010 е избран во звањето асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, по предметите: Храна и исхрана,

Микробиологија, Микробиологија на храна и санитација, Основни процеси во биотехнологијата 1, Основни процеси во биотехнологијата 2, Биолошки основи на суровините и Вовед во суровините за прехранбената технологија и биотехнологијата (Билтен на УКИМ бр. 990 од 15.7.2010). На 1.7.2013 е реизбран во звањето асистент на истите предмети (Билтен на УКИМ бр. 1057 од 1.7.2013).

На 15.6.2015 е избран во наставно-научното звање доцент на Технолошко-металуршки факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предметите: Основи на биохемиско инженерство, Основни процеси во биотехнологијата 2, Биолошки основи на суровините и Вовед во суровините за прехранбената технологија и биотехнологијата (Билтен на УКИМ бр. 1102 од 15.6.2015).

Во моментот е вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран по реферат за избор објавен во Билтен бр. 1219 од 15.6.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Технолошко-металуршки факултет во Скопје, кандидатот д-р Дарко Димитровски изведува настава на прв, втор и трет циклус студии. Исто така, во 2020 и 2021 бил вклучен во изведувањето на пресметковни и лабораториските вежби на додипломски студии по предметите: Основни процеси во биотехнологијата 2, Биолошки основи на суровините, Микробиологија на храна и санитација и пресметки, Интерпретација и презентација на податоци. Кандидатот учествувал во изведувањето на специјализирани длабински обуки за прехранбената индустрија, организирани на Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа: Обука за дигитализација и иновации во прехранбената индустрија (27 – 28.11.2023), финансирана од Министерството за економија на Република Северна Македонија, и Обука за развој и контрола на квалитет на прехранбени и биотехнолошки производи (16 – 17.5.2023), финансирана од ХЕЛВЕТАС Швајцарска интеркорпорација.

Во периодот по неговиот избор за вонреден проефсор, д-р Дарко Димитровски бил ментор на 13 дипломски работи, а на 16 бил член во комисија. Исто така, бил член во комисија за одбрана на 2 магистерски труда и 4 докторски дисертации.

Кандидатот е коавтор на учебникот: „Микробиолошка контрола на прехранбените производи“, издадена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2011 година. Тој е автор на учебникот „Вовед во суровините за производство на храна и биотехнолошки производи“, издаден од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (ISBN-978-9989-650-40-6) во 2025 година, чија позитивна рецензија е објавена во Билтен бр. 1322 од 15.1.2025.

Кандидатот е рецензент на повеќе меѓународни научни списанија од областа (Food Science and Technology International, Food Science and Nutrition, Journal of Food Processing and Preservation, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, Journal of Food Science and Technology International, Journal of Probiotics and Antimicrobial Proteins) и на едно учебно помагало „Практикум по прехранбено процесно инженерство“ од д-р Елена Величкова, издадено од Технолошко-металуршки факултет во Скопје (ISBN 978-9989-650-08-6), во 2023 година.

*Активностите кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 со датуми и други податоци согласно со Правилникот за избор.*

### Научноистражувачка дејност

Д-р Дарко Димитровски објававил вкупно 8 научни труда од областа прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, од кои 5 научни труда во научни

списанија со фактор на влијание и 3 труда во зборници од научни собири. Исто така, објавил 11 апстракти во зборници од конфенренции. На Првата конференција на зелено инженерство одржал секциско предавање на тема: Примери за валоризација на отпад и нус производи од прехранбената индустрија.

Во периодот од 2020 до 2022, д-р Дарко Димитровски бил раководител на билатерален научен проект со НР Кина, финансиран од Министерството на образование и наука. Исто така, бил учесник во еден национален научен проект и два меѓународни научни проекта. Тој е национален координатор на два меѓународни научни проекта.

Д-р Дарко Димитровски е ментор на еден магистерски труд и една докторска дисертација.

*Активностите кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, називите на трудовите, проектите и слично се наведени во табелата во Анекс 2.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Дарко Димитровски е активно вклучен во стручно-апликативната работа на Технолошко-металуршкиот факултет. Тој учествувал во изработка на стручни мислења по барање на клиенти, како што се: одредување рок на траење на производи за компанијата Гранд-Експорт, микробиолошки статус на производи за компанијата Виа Пром, калибрација на инструмент и испитување влага на производи за компанијата Виталиа. Коавтор е на стручна монографија: Монографија 65 години Технолошко-металуршки факултет (ISBN 978-9998-650-13-0). Кандидатот учествувал во промотивни активности на Факултетот преку прием на ученици од основни и средни школи во Лабораторијата за прехранбена технологија и биотехнологија за време на Отворениот ден.

Кандидатот покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Д-р Дарко Димитровски е вклучен во работата на колегиуми и комисии на Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа како член на Наставно-научниот совет, раководител на Институтот за органска технологија од 2022, член на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија и член на Комисијата за изработка на елаборат за студиската програма Биотехнологија за втор циклус студии. Неговата активност на Факултетот е претставена и со учеството во повеќе факултетски комисии: Пописна комисија, Комисија за самоевалуација, Комисија за тендери и Комисија за еквиваленција на испити за прв циклус студии. Кандидатот бил член во 4 рецензентски комисии за избори во наставно-научни звања, учествувал во организацијата на 2 конгреса и остварил 6 студиски престои во странство.

*Конкретните активности кои припаѓаат во овие дејности, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2, со датуми и други податоци.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Дарко Димитровски континуирано добива високи оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет. Во анкетата спроведена во учебната 2024/2025 година, за наставата што ја одржува, кандидатот доби просечна оценка од 4,9 од највисока оценка 5.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дарко Димитровски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дарко Димитровски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор.

Според гореизнесеното, Рецензентската комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Дарко Димитровски да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научната област прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Донка Донева-Шапческа, редовен професор, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, претседател**

**Д-р Весна Рафајловска, редовен професор, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

**Д-р Ирина Младеноска, редовен професор, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Дарко Ацо Димитровски**
**Институција:** **Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**
**Научна област:** **прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ–РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,56.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0.<br>Просечниот успех изнесува 9,8 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство; потполе: прехранбено инженерство и технологии; поле: друго – инженерство и технологии; подрачје: инженерство и технологија. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во **најмалку една електронска база** на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>3.1/1<br>1. Назив на научното списание: Biocatalysis and Biotransformation<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Inulinase immobilisation in PAA/PEG composite for efficient fructooligosaccharides production<br>4. Година на објава: 2021<br>3.1/2<br>1. Назив на научното списание: Journal of Food Processing and Preservation<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science | ДА (види Образец 2) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Developing probiotic pumpkin juice by fermentation with commercial probiotic strain Lactobacillus casei 431<br>4. Година на објава: 2021<br><br>3.1/3<br>1. Назив на научното списание: Postharvest Biology and Technology<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Prediction of the temperature sensitivity of strawberry drop damage using dynamic finite element method<br>4. Година на објава: 2022<br><br>3.1/4<br>1. Назив на научното списание: Open Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Assessment of the impact of γ-irradiation on the piperine content and microbial quality of black pepper<br>4. Година на објава: 2023<br><br>3.1/5<br>1. Назив на научното списание: Ultrasonics Sonochemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Valorization of tomato processing by-products: Predictive modeling and optimization for ultrasound-assisted lycopene extraction<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): ___________<br>3. Наслов на трудот: _______________<br>4. Година на објава: _______________ | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД__________<br>3. Наслов на трудот: _______________<br>4. Година на објава: _______________ | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | |
| 3.5 | **Зборник на рецензирани научни трудови**, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>3.2/1<br>1. Назив на зборникот: Experimental and Computational Investigations in Engineering<br>2. Назив на меѓународниот собир: International Conference of Experimental and Numerical Investigations and New Technologies<br>3. Имиња на земјите: Србија, Чешка, Унгарија и др.<br>4. Наслов на трудот: Pre-fermentative treatment of grape juice and must from Vranec variety with a glucose oxidase from Aspergillus niger<br>5. Година на објава: 2020<br><br>3.2/2<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the ETAI 2024 Conference<br>2. Назив на меѓународниот собир: ETAI 2024 Conference<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Данска, Канада и др.<br>4. Наслов на трудот: Design and implementation of a laboratory-scale photobioreactor<br>5. Година на објава: 2024<br><br>3.2/3<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 1st International Conference on Novel Photorefineries for Resource Recovery<br>2. Назив на меѓународниот собир: 1st International Conference on Novel Photorefineries for Resource Recovery<br>3. Имиња на земјите: Шпанија, Мексико, Холандија и др.<br>4. Наслов на трудот: Photoheterotropic growth of purple bacteria on molasses with the aim of producing microbial proteins<br>5. Година на објава: 2024 | ДА (види Образец 2) |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава _______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на учебникот: Вовед во суровините за производство на храна и биотехнолошки производи<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2025 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1219 од 15.6.2020 | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Донка Донева-Шапческа, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, претседател**

**Д-р Весна Рафајловска, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

**Д-р Ирина Младеноска, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Дарко Ацо Димитровски**
**Институција:** **Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**
**Научна област:** **прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии=ч х нед. х 0,04 х бр. на години** | |
| 1.1 | Биолошки основи на суровините (2+2) | 6,00 |
| 1.2 | Основи на биохемиско инженерство (2+3) | 6,00 |
| 1.3 | Основни процеси во биотехнологијата 2 (2+3) | 6,00 |
| 1.4 | Микробиологија на храна и санитација (2+2) | 6,00 |
| 1.5 | Пресметки, интерпретација и презентација на податоци (1+2) | 0,60 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии =ч х нед. х 0,05** | |
| 2.1 | Трендови во прехранбеното процесно инженерство (2+2, 20 %) | 1,20 |
| 2.2 | Развој на нови производи, процеси и методи (2+2, 15 %) | 0,90 |
| 2.3 | Статистички методи во науката за храна и биотехнологијата (2+2, 50 %) | 3,75 |
| 2.4 | Ензими во процесна индустрија (2+2, 20 %) | 1,20 |
| 2.5 | Производи со додадена вредност (2+2, 20 %) | 1,50 |
| 2.6 | Развој на идеја за магистерскиот труд (2+2, ментор 80 %+20 % учесници во испитот) | 1,20 |
| 2.7 | Управување со отпад од прехранбената индустрија (2+2, 20 %) | 1,20 |
| 2.8 | Хигиена во прехранбена индустрија (2+2, 40 %) | 3,00 |
| 2.9 | Индустриска биотехнологија (2+2, 25 %) | 1,50 |
| 2.10 | Нутритивни вредности на храната (2+2, 20 %) | 1,20 |
| 2.11 | Методи и техники за контрола на квалитет на храната (2+2, 35 %) | 2,63 |
| 2.12 | Законски прописи за обезбедување на квалитет на храната (2+2, 30 %) | 2,25 |
| 2.13 | Биотехнолошки процеси во третман на отпад (2+2, 25 %) | 1,50 |
| 2.14 | Биохемиско инженерство (2+2, 50 %) | 3,75 |
| 2.15 | Безбедност на храната (2+2, 50 %) | 3,00 |
| 2.16 | Пробиотици и пребиотици (2+2, 50 %) | 3,75 |
| 3 | **Одржување на настава од трет циклус студии =ч х нед. х 0,06** х **број на години** | |
| 3.1 | Достигнување во прехранбените технологии (2+2, 20 %) | 1,80 |
| 3.2 | Функционална храна (2+2, 50 %) | 4,50 |
| 3.3 | Органска, традиционална, бавна и брза храна (4+1, 10 %) | 1,50 |
| 3.4 | Биохемиско инженерство (2+2, 30 %) | 2,70 |
| 3.5 | Биолошки активни компоненти (2+2, 10 %) | 0,90 |
| 3.6 | Безбедност на храната и анализа на ризик (2+2, 40 %) | 3,60 |
| 4 | **Одржување на вежби=ч х нед. х 0,03 х број на години** | |
| 4.1. | Биолошки основи на суровините (2+2) | 1,80 |
| 4.2. | Основи на биохемиско инженерство (2+3) | 2,70 |
| 4.3. | Основни процеси во биотехнологијата 2 (2+3) | 2,70 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4. | Микробиологија на храна и санитација (2+2) | 1,80 |
| 1.5. | Пресметки, интерпретација и презентација на податоци (1+2) | 1,80 |
| **5** | **Подготовка на нов предмет (предавања 1,0 и вежби 0,5)** | |
| 5.1 | Безбедност на храната (2+2, 50 %) | 0,50 |
| 5.2 | Пробиотици и пребиотици (2+2, 50 %) | 0,50 |
| 5.3 | Биохемиско инженерство (2+2, 50 %) | 0,50 |
| 5.4 | Хигиена во прехранбена индустрија (2+2, 40 %) | 0,40 |
| 5.5 | Статистички методи во науката за храна и биотехнологијата (2+2, 50 %) | 0,5 |
| 5.6 | Развој на функционални биопроизводи (2+2, 40 %) | 0,40 |
| 5.7 | Иновации во индустриската биотехнологија (3+2, 30 %) | 0,30 |
| **6** | **Консултации со студенти** (бр. на студенти x 0,002) | 0,89 |
| **7** | **Ментор на дипломска работа=број x 0,2** | |
| | **13** | 2,60 |
| **8** | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа = бр. x 0,1** | |
| | **16** | 1,60 |
| **9** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат = број x 0,7** | |
| 9.1 | М-р Александар Чадиковски, Одлука бр. 02-1193/1 од 12.7.2022 | 0,70 |
| 9.2 | М-р Зимере Саити, Одлука бр. 02-746/1 од 11.4.2024 | 0,70 |
| 9.3 | М-р Тамара Георгиевска, Одлука бр. 02-361/1 од 15.2.2024 | 0,70 |
| 9.4 | М-р Нора Лимани, Одлука бр. 02-2381/1 од 16.12.2024 | 0,70 |
| **10** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура = број x 0,3** | |
| 10.1 | Илинка Пејчиновски, Одлука бр. 02-433/1 од 7.4.2021 | 0,30 |
| 10.2 | Арјета Алиу, Одлука бр. 02-1433/1 од 14.12.2020 | 0,30 |
| **11** | **Рецензент на меѓународни списанија = број x 1** | |
| 11.1 | Food Science and Technology International | 1,00 |
| 11.2 | Food Science and Nutrition | 1,00 |
| 11.3 | Journal of Food Processing and Preservation | 1,00 |
| 11.4 | Macedonian Pharmaceutical Bulletin | 1,00 |
| 11.5 | Journal of Food Science and Technology International | 1,00 |
| 11.6 | Journal of Probiotics and Antimicrobial Proteins | 1,00 |
| **12** | **Настава во работилници = учесник x 1** | |
| 12.1 | Обука за дигитализација и иновации во прехранбената индустрија - Министерство за економија на Република Северна Македонија, 27 – 28.11.2023 | 1,00 |
| 12.2 | Обука за развој и контрола на квалитет на прехранбени и биотехнолошки производи, ХЕЛВЕТАС Швајцарска интеркорпорација, 16 – 17.5.2023 | 1,00 |
| **13** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| 13.1 | Вовед во суровините за производство на храна и биотехнолошки производи, Одлука бр. 02-283/1 од 17.2.2025 | 8,00 |
| **14** | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| 14.1 | Практикум по прехранбено процесно инженерство од Елена Величкова Никова (Одлука бр. 02-2062/1 од 12.12.2022) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **112,52** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Ментор на докторски труд = број x 5** | |
| 1.1 | М-р Виктор Цицимов | 5,00 |
| **2** | **Ментор на магистерска работа = број x 2** | |
| 2.1 | Спахи Енисе, дипл. инж. технолог | 2,00 |
| **3** | **Раководител на национален научен проект = број * 6** | |
| 3.1 | Примена на јадливи филмови за продолжување на рокот на траење на јагоди и домати, билатерален проект со Народна Република Кина, Министерство за образование и наука на РСМ, 2020 – 2022 | 6,00 |
| **4** | **Национален координатор на меѓународен научен проект = број x 6** | |
| 4.1 | COST project FLAVOURsome, CA23110 – Future of plant-based food: Bridging the gap of new proteins and flavoursome, 2023-2027 | 6,00 |
| 4.2 | COST project INFOGUT, CA22161 - International networking on in vitro colon models simulating gut microbiota mediated interactions, 2024-2028 | 6,00 |
| **5** | **Учесник во национален научен проект = број x 3** | |
| 5.1 | Примена на современи сепарациони техники за изолација на биоактивни компоненти од лушпи од домат (Solanum lycopersicum), Министерство за образование и наука, 2021 – 2023 | 3,00 |
| **6** | **Учесник во меѓународен научен проект = број x 5** | |
| 6.1 | “Exchange, Explore, Innovate and Build New Fields of Possibilities” In the frame of the call ‘’Higher education in the Western Balkans” (ES-Balk) of French Ministry for Europe and Foreign Affairs Solidarity Funds for Innovative Projects, civil societies, Francophonie and human development, 2021-2022. | 5,00 |
| 6.2 | COST project PURPLEGAIN, CA21146, Fundamentals and applications of purple bacteria biotechnology for resource recovery from waste, 2022 - 2026 | 5,00 |
| **7** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = (8+иф)0,8 за три автори и (8+иф)0,6 за четири и повеќе автори** | |
| 7.1 | Temkov, M., **Dimitrovski, D**., Velickova, E., & Krastanov, A. (2020). Inulinase immobilisation in PAA/PEG composite for efficient fructooligosaccharides production. *Biocatalysis and Biotransformation*, 40(1), 50-63 **IF 2,18** | 6,11 |
| 7.2 | **Dimitrovski, D**., Dimitrovska-Vetadjoka, M., Hristov, H., & Doneva-Shapceska, D. (2021). Developing probiotic pumpkin juice by fermentation with commercial probiotic strain *Lactobacillus casei* 431. *Journal of Food Processing and Preservation*, *45*(3), e15245, **IF 2,601** | 6,36 |
| 7.3 | An, X., Liu, H., Fadiji, T., Li, Z., & **Dimitrovski, D**. (2022). Prediction of the temperature sensitivity of strawberry drop damage using dynamic finite element method. *Postharvest Biology and Technology*, *190*, 111939 **IF 7,0** | 9,00 |
| 7.4 | Bektashi, N. L., Mladenoska, I., Popovska, O., **Dimitrovski, D**., Spasevska, H., Reka, A. A., & Mašić, S. (2023). Assessment of the impact of γ-irradiation on the piperine content and microbial quality of black pepper. *Open Chemistry*, *21* **IF 2,1** | 6,06 |

| | | |
|---|---|---|
| 7.5 | Kuvendziev, S., Lisichkov, K., Marinkovski, M., Stojchevski, M., **Dimitrovski, D.**, & Andonovikj, V. (2024). Valorization of tomato processing by-products: Predictive modeling and optimization for ultrasound-assisted lycopene extraction. *Ultrasonics Sonochemistry*, *110*, 107055 **IF 8,7** | 10,02 |
| **8** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир = 5 x 0,6** | |
| 8.1 | Petkova, V., Mladenoska, I., **Dimitrovski, D.**, Stafilov, T., & Stefova, M. (2020). Pre-fermentative treatment of grape juice and must from Vranec variety with a glucose oxidase from *Aspergillus niger*. In *Experimental and Computational Investigations in Engineering* (pp. 83–90). Springer International Publishing. | 3,00 |
| 8.2 | Kamchev, J., Glushica, B., Milanoski, M., Atanasovski, T., Ginoski, B., Jovanovski, N., Makraduli, M., **Dimitrovski, D.**, & Gerazov, B. (2024). Design and implementation of a laboratory-scale photobioreactor. In *Proceedings of the ETAI 2024 Conference* (pp. 10–11). ETAI. | 3,00 |
| **9** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји = 3 x 0,8** | |
| 9.1 | **Dimitrovski**, D., Bayon-Vincente, G., Leroy B. (2024) Photoheterotropic growth of purple bacteria on molasses with the aim of producing microbial proteins, st International Conference on Novel Photorefineries for Resource Recovery, Valladolid, Spain | 2,40 |
| **10** | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество = број x 2** | |
| | Harnessing anoxygenic phototropic bacteria or bioconversion of food by-products, 27th Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2024 | 2,00 |
| **11** | **Секциско предавање на научен/стручен собир = број x 1** | |
| 11.1 | Примери за валоризација на отпад и нус производи од прехранбената индустрија, Прва конференција за зелено инженерство, одржливи материјали и технологии за циркуларна економија, Скопје, 2024 | 1,00 |
| **12** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација = број x 1** | |
| 12.1 | Steam explosion as a pretreatment for enzyme hydrolysis of flax seed fibers, Final open meeting of the COST action Yeast4bio, Madrid, Spain, 2024 | 1,00 |
| 12.2 | Photoheterotrophic growth of purple bacteria on various co-products of food industry with the aim to produce microbial protein, Virtual meeting supported by the COST action Purplegain, 2023 | 1,00 |
| 12.3 | Garlic extract and basil essential oil as antimicrobial agents in chitosan edible film against tomato-isolated mold, 5th edition of global virtual on food and nutrition, 2022 | 1,00 |
| **13** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција = број x 1** | |
| 13.1 | V. Cicimov, **D. Dimitrovski**. Isolation media for purple phototrophic bacteria, 27th Congress of Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, 2024, Ohrid, Macedonia | 1,00 |
| 13.2 | T. Atanasovski, B. Ginoski, **D. Dimitrovski**, J. Kamcev, M. Milanoski, B. Glusica, N. Jovanovski, M. Makraduli, B. Gerazov. Design of photobioreactor lighting system, 1st Conference for engineering, sustainable materials and technologies for circular economy, GreenCirc, 2024 | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 13.3 | D. Burgu, **D. Dimitrovski**, M. Temkov, E. Velickova Nikova, Enhancing strawberry shelf life with essential oil-infused edible coating, 26th Congress of Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, 2023, Ohrid, Macedonia | 1,00 |
| 13.4 | I. Kostoska, M. Stojcevski, **D. Dimitrovski**, S. Kuvendziev, Improving lycopene extraction from tomato skins through enzymatic treatment, 26th Congress of Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, 2023, Ohrid, Macedonia | 1,00 |
| 13.5 | M. Vasikj, D. Kostadinova, M. Temkov, **D. Dimitrovski.** Microscopic Analysis of Starch Digestion During Mastication, The 11th Central European Congress on Food and Nutrition, CEFood 2022 "Food, technology and nutrition for healthy people in a healthy environment", 2022, Slovenia | 1,00 |
| 13.6 | K. Momirovska, E. Velickova**, D. Dimitrovski**. Application of chitosan edible films for shelf life extension of raw tomatoes. XIV Students' Congress of Pure and Applied Chemistry of Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, 2021, Skopje, Macedonia | 1,00 |
| **14** | **Апстракт објавен во зборник на национална конференција = број x 0,5** | |
| 14.1 | T. Atanasovski, B. Ginoski, **D. Dimitrovski**, J. Kamcev, M. Milanoski, B. Glusica, N. Jovanovski, M. Makraduli, B. Gerazov. Design of photobioreactor lighting system, 1st Conference for engineering, sustainable materials and technologies for circular economy, GreenCirc, 2024 | 0,50 |
| | **Вкупно** | **96,45** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Стручна монографија = 0.6 x 8** | |
| 1.1 | Монографија 65 години Технолошко-металуршки факултет, ISBN 978-9998-650-13-0 | 4,80 |
| **2** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма = број x 1** | |
| 2.1 | Координатор за изработка на елаборат за студиска програма Биотехнологија за втор циклус стуции (Решение бр. 02-2183/1 од 19.11.2024) | 1,00 |
| **3** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија = број x 1** | |
| 3.1 | Испитување на рок на траење на два производа од компанијата „Гранд-Експорт“ по Барање бр. 09-601/1 од 5.7.2023 | 1,00 |
| 3.2 | Испитување на рок на траење на два производи од компанијата „Гранд-Експорт“ по Барање бр. 09-871/1 од 25.7.2023 | 1,00 |
| 3.3 | Испитување на микробиолошки статус на производ од компанијата „Виа Пром“ по Барање бр. 09-752/1 од 28.6.2021 | 1,00 |
| 3.4 | Калибрација на инструмент – пипетори од компанијата „Виталиа“ по Барање бр. 09-1386/1 од 13.9.2022 | 1,00 |
| 3.5 | Испитување на влага кај група житни производи од компанијата „Виталиа“ по Барање бр. 09-991/1 од 31.8.2021 | 1,00 |
| 3.6 | Испитување на влага кај група житни производи од компанијата „Виталиа“ по Барање бр. 09-1191/1 од 30.9.2021 | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.7 | Калибрација на инструмент - пипетори од компанијата „Виталиа“ по Барање бр. 09-1115/1 од 14.10.2020 | 1,00 |
| **4** | **Учество во промотивни активности на Факултетот = број х 0,5** | |
| 4.1 | Прием на ученици од основни и средни школи во Лабораторијата за прехранбена технологија и биотехнологија за време на Отворениот ден на ТМФ, 2023 – 2024 | 1,00 |
| **5** | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик = број х 0.25** | |
| 5.1 | Food Science and Technology International x 2 | 0,50 |
| 5.2 | Food Science and Nutrition | 0,25 |
| 5.3 | Journal of Food Processing and Preservation | 0,25 |
| 5.4 | Macedonian Pharmaceutical Bulletin | 0,25 |
| 5.5 | Journal of Probiotics and Antimicrobial Proteins | 0,25 |
| | **Вкупно** | **15,30** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **1** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир = број х 0,5** | |
| 1.1 | 1st Conference for Green Engineering, Sustainable Materials and Technologies for Circular Economy, Skopje, 2024 | 0,50 |
| **2** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир = број х 1** | |
| 2.1 | 27th Congress of Congress of Society of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2024 | 1,00 |
| **3** | **Студиски престој во странство до три месеци = број х 0,5** | |
| 3.1 | Workshop - PurpleEng: Applying enggineering principles to Purple Phototropic Bacteria for resourse recovery, Caparica, Portugal, 15-17.4.2024 | 0,50 |
| 3.2 | Workshop - Market PPB tecchnologies and products based on sustainable biorefineries, Valladolid, Spain, 11.9.2024 | 0,50 |
| 3.3 | Workshop - Bridging science and industry: Enhancing collaboration for plant-based food flavour innovation, Porto, Portugal, 5-6.9.2024 | 0,50 |
| 3.4 | Short term scientific mission at the Faculty of applied engineering, Antwerpen University, Belgium, 1.9.2023-29.9.2023 | 0,50 |
| 3.5 | Short term scientific mission at the Laboratory of proteomics and microbiology, Mons University, Belgium, 1.10.2023 - 31.10.2023 | 0,50 |
| 3.6 | Workshop - Integrating ecological, metabolic and modelling insights in enggineered phototropic communities for PPB derived processes developments and control, Valladolid, Spain, 13.9.2024 | 0,50 |
| **5** | **Раководител на внатрешна организациона единица = мандат х 3** | |
| 5.1 | Раководител на Инситут за органска технологија, 2022 – 2024 | 3,00 |
| **6** | **Член на факултетска комисија= број х 0,5** | |
| 6.1 | Член во пописна комисија – Институт за органска технологија (Одлука бр. 02-2281/1) од 3.12.2024 | 0,50 |
| 6.2 | Член на Комисија за признавање и еквиваленција на испити од прв циклус студии (Одлука бр. 02-2064/1) од 4.11.2024 | 0,50 |
| 6.3 | Член на тендерска комисија (Одлука бр. 02-708/2 од 4.4.2024) | 0,50 |
| 6.4 | Член во пописна комисија – Институт за органска технологија (Одлука бр. 02-2079/1) од 10.11.2023 | 0,50 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.5 | Изборна Комисија за избор на членови на Сенат при УКИМ (Одлука бр. 02-760/1 од 9.5.2023) | 0,50 |
| 6.6 | Член на Комисија за самоевалуација (Одлука бр. 02-1616/1 од 20.10.2022) | 0,50 |
| 6.7 | Комисија за дефинирање на цени за улуги од ТМФ (Одлука бр. 02-165/1 од 11.2.2021) | 0,50 |
| **7** | **Член на комисија за избор во звање = број x 0,2** | |
| 7.1 | М-р Деспина Костадинова, Одлука бр. 02-1324/1 од 1.7.2024 | 0,20 |
| 7.2 | М-р Милиза Аризанова, Одлука бр. 02-1326/1 од 1.7.2024 | 0,20 |
| 7.3 | Д-р Јана Клопчевска, Одлука бр. 02-974/1 од 3.6.2022 | 0,20 |
| 7.4 | Д-р Мишела Темков, Решение бр. 02-419/1 од 1.4.2020 | 0,20 |
| | **Вкупно** | **11,80** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **112,52** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **96,45** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15,30** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **11,80** |
| **Вкупно** | **236,07** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Донка Донева-Шапческа, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, претседател**

**Д-р Весна Рафајловска, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

**Д-р Ирина Младеноска, редовен професор, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член**

***Прилоī бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) 2.11.05.02 – ПРЕХРАНБЕНО ПРОЦЕСНО И БИОТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.3.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 2.11.05.02 – прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-602/1, донесена на 27.3.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елена Величкова Никова, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во Скопје, д-р Дарко Димитровски, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во Скопје и д-р Ѓоре Наков, вонреден професор на Техничкиот универзитет во Софија – филијала Сливен.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) 2.11.05.02 – прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, во предвидениот рок се пријави се пријави само еден кандидат, д-р Мишела Темков, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Мишела Темков е родена на 8.4.1986, во Кавадарци, Република Македонија. Средно образование завршила во Гимназијата „Добри Даскалов“ во Кавадарци, во 2004 година. Со високо образование се стекнала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во 2009 година, на тема: *Протеински изолати од обезмастени оризови трици* со просечен успех 8,8.

Кандидатката активно се служи со англиски, француски и бугарски јазик.

Во учебната 2010/2011 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на на студиската програма: Агронаука, модул: инженерство во прехранбеното производство на Факултетот за науки, Универзитет во Авињон и земјите од Воклуз, Авињон, Франција, како стипендист на француската влада. Студиите ги завршила со просечен успех 8,59. На 27.6.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Ултразвучна екстракција на флоротанини од кафена алга Ascophyllum nodosum*.

Докторска дисертација пријавила на 21.9.2015 година на Катедрата за биотехнологија, Технолошки факултет, Универзитет за прехранбени технологии, Пловдив, Република Бугарија. Дисертацијата на тема: *Интегриран биотехнолошки пристап за добивање и карактеризација на фруктани од Ерусалимска артичока* ја одбранила на 31.10.2019 година, пред Комисија во состав: д-р Алберт Иванов Крастнов, редовен професор, ментор, Технолошки факултет, Универзитет за прехранбени технологии, Пловдив, Бугарија, д-р Георги Тодоров Добрев, доцент, Технолошки факултет, Универзитет за прехранбени технологии, Пловдив, Бугарија, д-р Цонка Иванова Гоцеваргова, редовен професор, Технички факултет, Универзитет „Проф. д-р Асен Златаров”, д-р Велизар Костадинов Гочев, редовен професор, Факултет по биологија, Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски и д-р Илија Николов Илиев, редовен професор, Факултет по биологија, Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област (кодовите според кодирањето на областите во Р Бугарија) 5. Технички науки, стручна насока: 5.11. Биотехнологии, докторантска програма: „Технологија на биолошко-активните компоненти”.

На 14.9.2020 година е избрана во звањето **доцент** на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областите: контрола на линија

и контрола од линија (21302), технологија и техника на пакување (22107) и микробна биотехнологија (41302).

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтени бр. 1219 од 15.7.2020 година, бр. 1114 од 31 декември 2015 и бр. 1043 од 30 ноември 2012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

По својот последен избор, во звањето доцент во 2020 година, кандидатката д-р Мишела Темков редовно изведува настава на прв циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, а од неодамна е вклучена и на втор и трет циклус студии на истиот факултет. Таа е активно ангажирана и во изведувањето на вежбите на додипломските студии на студиските програми Прехранбена технологија и Биотехнологија по предметите на кои беше избрана. Покрај редовните обврски околу изведувањето на предавањата, лабораториските и пресметковните вежби, писмените испити и консултациите со студентите, кандидатката изведува и теренска настава. Исто така, била поканета и како предавач на 4 работилници надвор од наставната програма, и тоа: една обука одржана за прехранбената индустрија на барање на Министерството за економија (Обука за дигитализација и иновации во прехранбената индустрија, 27 – 28.11.2023 год.), една работилница за студентите организирана од Студентска конференција на младите уметници и научници (СКУН) под наслов „Напиши го твојот прв научен труд“, одржана на 16.7.2021, една работилница организирана од Бизнис-акцелераторот на УКИМ по програмата EIT Food Challenge Lab 2024 на тема: Увид во индустријата: Клучни трендови/предизвици во отпадот од храна во Северна Македонија, одржана од 31 октомври до 26 ноември 2024 година, Скопје, Македонија, како и една работилница „It's too good to be food waste“, надвор од државата организирана од Cost Action 20133, на тема: Assessment of Sensory Perception and Consumer Approval, одржана на 30 – 31 мај 2024 на Техничкиот универзитет во Софија, филијала Сливен, Р Бугарија.

Во периодот од септември 2020 до февруари 2025 година, кандидатката била ментор на 10 дипломски работи, како и член во комисија за оцена и одбрана на 18 дипломски работи и 1 магистерски труд. Дополнително, била ментор на студентската пракса на еден странски студент, Дара Мореира Фернандес од Универзитетот „Клод Бернард“ во Лион, Франција, во периодот од 4.4 до 16.6.2022 година.

Кандидатката е рецензент за повеќе списанија од областа, меѓу кои: Frontiers in Sustainable Food Systems, Food Sience and Technology International, International Journal of Biological Macromolecules, Bulletin of the University of Agricultural Sciences and Veterinary Medicine Cluj-Napoca Food Science and Technology, Journal of Polymers and the Environment, Acta Poloniae Pharmaceutica, Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering

**Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) со датуми и други податоци согласно со Правилникот за избор.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Мишела Темков има објавено вкупно 15 научни трудови од областа на прехранбената технологија и биотехнологија, од кои 6 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во меѓународни научни публикации и 4 труда во зборници од научни собири. Учествувала на научно/стручни собири со

10 апстракти, објавени во зборници на меѓународни конгреси и конференции. Дополнително, кандидатката објавила и 2 поглавја во 2 книги печатени во странство. Д-р Темков имала и секциско предавање на тема: Хидрогелови вмрежени со помош на радијација на II студентска конференција на младите уметници и научници – Скопје, октомври 2021.

Д-р Мишела Темков била раководител на 2 национални студентски проекта, финансирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) и Универзитетското студентско собрание (УСС). Таа е учесник на 2 национални проекта (едниот финансиран од МОН, а во другиот учествува како странски истражувач, поддржан од Бугарскиот национален фонд за наука) и 5 меѓународни проекти, од кои два се COST-акции, еден е Еразмус-проект програма К220, еден е финансиран од Министерството за надворешни работи од Франција и еден е финансиран од Кралското хемиско друштво од Велика Британија.

**Активностите кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, називите на трудовите, проектите и слично се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Мишела Темков активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Технолошко-металуршкиот факултет.

Кандидатката учествувала во повеќе промотивни активности на Технолошко-металуршкиот факултет во средните училишта, на саемите за образование и на отворените денови на Факултетот. На порталот www.inovativnost.mk, на 1.7.2023, ја објавува статијата под наслов: „Уникатни крекери со лушпа од домат се креираат во Ино Фаб Лаб под водство на доцент д-р Темков“.  Кандидатката д-р Мишела Темков била и член на комисија за оцена на проекти од натпреварот на средните училишта – Наноматеријали – материјали на иднината за 2024 год.

Д-р Мишела Темков од 2023 година (Одлука бр. 02-670/1, од 24.4.2023 година) е избрана за продекан за настава на Технолошко-металуршкиот факултет со мандатен период од 2023 до 2026 година. Кандидатката е вклучена во работата на колегиуми и комисии на Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа како член на Наставно-научниот совет, член на Деканатската управа и Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиските програми Управување со квалитет и безбедност на храната и Прехранбена технологија и биотехнологија.  Како продекан за настава, активно е вклучена во изработката на елаборати за акредитација/реакредитација на студиските програми и како член во координативно тело за изработка на нови студиски програми на македонски и англиски јазик.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа како претседател на Конкурсна комисија за запишување студенти на прв циклус студии, Комисија за спроведување постапка за селекција на кандидати за користење на правото на плаќање половина од износот на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител и Комисија за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, член на Комисија за дипломски работи со мандатен период од 2022 до 2025 година и на неколку пописни комисии.

Д-р Мишела Темков учествувала како дел од научниот комитет на 1 научно-стручен конгрес во организација на Технолошко-металуршкиот факултет во 2024 година.

Стручно усовршување во странство остварила со 4 студиски престои во ONIRIS Oniris – Национална школа за ветеринарство, земјоделство и исхрана, Нант, Франција (2 пати), во Далтон Камбријан институтот, Универзитет во Манчестер, Камбрија, Велика Британија и во Институтот за криобиологија и прехранбена технологија, Земјоделска академија во Софија, Бугарија.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на монографија – 65 години на Технолошко-металуршкиот факултет.

Во изборниот период, д-р Мишела Темков учествувала во изготвување и пријавување на еден научен меѓународен проект како соработник.

**Конкретните активности кои припаѓаат во овие дејности, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5), со датуми и други податоци**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Мишела Темков, на последната самоевалуација од 2024 година, доби позитивна оценка (4,95 и 4,93 за предметите Контрола на квалитет на прехранбени производи и Технологија на пакување од зимскиот семестар соодветно и 5 за предметот Технологија на кондиторски производи од летниот семестар) од анонимно спроведената анкета на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Мишела Темков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мишела Темков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област 2.11.05.02 – прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во Скопје, д-р Мишела Темков да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област 2.11.05.02 – прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елена Величкова Никова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Дарко Димитровски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ѓоре Наков, вонреден професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Мишела Владимир Темков**
**Институција: Технолошко-металуршки факултет – Скопје**
**Научна област: (2.11.05.02) ПРЕХРАНБЕНО ПРОЦЕСНО И БИОТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,80.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,59.<br>Просечниот успех изнесува 8,70 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: 5. *технички науки;* поле: 5.11 *биотехнологии;* подрачје: *технологии на биотехнолошко активни супстанции.* | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (Види образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Frontiers in Nutrition*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCIE (Web of Science), PubMed<br>3. Наслов на трудот: *Influence of baking time and formulation of part-baked wheat sourdough bread on the physical characteristics, sensory quality, glycaemic index and appetite sensations*<br>4. Година на објава: 2024 | Да (Види образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: **Biocatalysis and Biotransformation**__________<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 50 рецензенти од 22 земји<br>3. Наслов на трудот: *Inulinase immobilisation in PAA/PEG composite for efficient fructooligosaccharides production* | Да (Види образец 2) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2023 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: **Foods**<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: *Consumer Nutritional Awareness, Sustainability Knowledge, and Purchase Intention of Environmentally Friendly Cookies in Croatia, France, and North Macedonia*<br>4. Година на објава: 2023 | Да (Види образец 2) |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **Ensuring Sustainability of Baking Industry in North Macedonia in Baking Business Sustainability Through Life Cycle Management**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Switzerland<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: 2023 | Да (Види образец 2) |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: V International Congress “Food Technology, Quality And Safety”, 16-18 October 2024, Novi Sad, Republic Of Serbia **ISBN 978-86-7994-064-3 (e-Proceedings)**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **V International Congress “Food Technology, Quality And Safety”, 16-18 October 2024, Novi Sad, Republic Of Serbia**<br>3. Имиња на земјите: Србија, Босна и Херцеговина, Романија, Словенија, Северна Македонија, Канада, Турција, Ирска, Полска, Италија, Хрватска, Чешка, Кина, Унгарија, Грција<br>4. Наслов на трудот: *Sensory analysis of milk chocolate with inulin as a sugar substitute*<br>5. Година на објава: 2024 | Да (Види образец 2) |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: бр. 1219 од 15 јули 2020 година | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Мишела Владимир Темков**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Технолошко-металуршки факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: (2.11.05.02) ПРЕХРАНБЕНО ПРОЦЕСНО И БИОТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава од прв циклус студии=ч x нед. x 0,04 x години и/или проценти** | |
| 1.1 | Контрола на квалитет на прехранбени производи (3+3) | 9,00 |
| 1.2 | Технологија на пакување (2+2) | 6,00 |
| 1.3 | Технологија на кондиторски производи (2+2) | 6,00 |
| 1.4 | Основни процеси во биотехнологија 2 (2+0) | 4,80 |
| **2** | **Одржување на настава од втор циклус студии =ч x нед. x 0,05 x години и/или проценти** | |
| 2.1 | Управување со квалитет (10%) | 0,30 |
| 2.2 | Методи и техники за контрола на квалитет на храната (35%) | 1,05 |
| 2.3 | Законски прописи за обезбедување на квалитет на храната (30%) | 1,05 |
| 2.4 | Ензими во процесната индустрија (10%) | 0,30 |
| **3** | **Одржување на настава од трет циклус студии =ч x нед. x 0,06 x години и/или проценти** | |
| 3.1 | Иновации во прехранбено процесно инженерство (10 %) | 0,27 |
| 3.2 | Достигнување во ензимското инженерство (30 %) | 0,81 |
| 3.3 | Дизајнирање на квалитет во прехранбената индустрија (20 %) | 0,54 |
| 3.4 | Дигитализација во прехранбена индустрија (20 %) | 0,54 |
| 3.5 | Биолошки активни суровини (20 %) | 0,54 |
| **4** | **Одржување на вежби=ч x нед. x 0,03 x години и/или проценти** | |
| 4.1 | Контрола на квалитет на прехранбени производи (3+3) | 6,75 |
| 4.2 | Технологија на пакување (2+2) | 4,50 |
| 4.3 | Технологија на кондиторски производи (2+2) | 4,50 |
| **5** | **Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)** | |
| 5.1 | Технологија на пакување - предавања (2+2) | 1,00 |
| 5.2 | Технологија на кондиторски производи – предавања (2+2) | 1,00 |
| 5.3 | Основни процеси во биотехнологија 2 – предавања (2+0) | 1,00 |
| 5.4 | Управување со квалитет – предавања (10 %) | 0,10 |
| 5.5 | Методи и техники за контрола на квалитет на храната – предавања (35 %) | 0,35 |
| 5.6 | Законски прописи за обезбедување на квалитет на храната – предавања (30 %) | 0,30 |
| 5.7 | Ензими во процесната индустрија – предавања (10 %) | 0,10 |
| **6** | **Консултации со студенти (бр. на студенти x 0,002)** | 0,70 |
| **7** | **Ментор на дипломска работа=број x 0,2** | 2,00 |
| | Вкупен број на дипломски работи =10 | |

| | | |
|---|---|---|
| **8** | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа = бр. x 0,1** | 1,80 |
| | Вкупен број на дипломски работи како член = 18 | |
| **9** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура = број x 0,3** | 0,30 |
| | Наташа Најдовска, датум на одбрана 27.10.2023 | |
| **10** | **Настава во работилници = учесник x 1** | |
| 10.1 | ОБУКА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ИНОВАЦИИ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА – Министерство за економија, 27 и 28.11.2023 | 1,00 |
| 10.2 | Работилница: Напиши го твојот прв научен труд, Студентска конференција на младите уметници и научници (СКУН), 16.7.2021 | 1,00 |
| 10.3 | Workshop "It's too good to be food waste" Technical University from Sofia, branch in Sliven, lecture Assessment of Sensory Perception and Consumer Approval, 30-31 May, 2024, Sliven, Bulgaria, Cost Action 20133 | 1,00 |
| 10.4 | EIT Food Challenge Lab 2024 ft. Business Accelerator UKIM, lecture: Industry insights: Key trends/challenges in the food waste in North Macedonia, 31 октомври – 26 ноември 2024, Скопје, Македонија | 1,00 |
| **11** | **Рецензент на меѓународни списанија = број x 1** | |
| 11.1 | Frontiers in Sustainable Food Systems | 1,00 |
| 11.2 | Food Science and Technology International | 1,00 |
| 11.3 | International Journal of Biological Macromolecules | 1,00 |
| 11.4 | Bulletin of the University of Agricultural Sciences and Veterinary Medicine Cluj-Napoca. Food Science and Technology | 1,00 |
| 11.5 | Journal of Polymers and the Environment | 1,00 |
| 11.6 | Acta Poloniae Pharmaceutica | 1,00 |
| 11.7 | Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering | 1,00 |
| | **Вкупно** | **66,60** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Раководител на национален научен проект = број x 6** | |
| 1.1 | „Овошни крцкави задоволства – иновативни екструдирани ужинки со отпад од грозје“. Интерен конкурс за распределба на средства за културни и спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за 2024 | 6,00 |
| 1.2 | „Здрава чоколада“, проект поддржан од УСС од 1.4 до 1.5.2024 | 6,00 |
| **2** | **Учесник во национални научни проекти x 5** | |
| 2.1 | Примена на јадливи филмови за продолжување на рокот на траење на јагоди и домати, 2020 – 2021 | 3,00 |
| 2.2 | “Changes of malt flours at various germination periods”, странски истражувач во Национален проект поддржан од Бугарскиот национален фонд за наука, 2021 – 2023 | 3,00 |
| **3** | **Учесник во меѓународни научни проекти = број x 5** | |
| 3.1 | “Exchange, Explore, Innovate and Build New Fields of Possibilities” In the frame of the call ‘’Higher education in the Western Balkans’’ (ES-Balk) of French Ministry for Europe and | 5,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Foreign Affairs Solidarity Funds for Innovative Projects, civil societies, Francophonie and human development, 2021-2022. | |
| 3.2 | COST project -SOURDOMICS – *Sourdough biotechnology network towards novel, healthier and sustainable food and bioprocesses*. CA18101, 2018-2023 | 5,00 |
| 3.3 | “Saving the planet one step at a time: reducing food waste using intelligent packaging” Project IES\R3\203034, поддржан од, Royal Chemical Society, UK | 5,00 |
| 3.4 | COST Project FULLRECO4US - Cross Border Transfer and Development of Sustainable Resource Recovery Strategies Towards Zero Waste CA 20133, 2021-2025 | 5,00 |
| 3.5 | EU2SE - European Upskilling of Students for Sustainable Entrepreneurship, KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education, 2024-2026 | 5,00 |
| **4** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор =(8+иф)*0,9 за два автори, (8+иф)*0,8 за три автори и (8+иф)*0,6 за четири и повеќе автори** | |
| 4.1 | **Temkov, M.,** Rocha, J. M., Rannou, C. Ducasse, M., Prost. C. Influence of baking time and formulation of part-baked wheat sourdough bread on the physical characteristics, sensory quality, glycaemic index and appetite sensations. *Frontiers in Nutrition Sec. Nutrition and Food Science Tech*nology, Volume 11 - 2024 \| https://doi.org/10.3389/fnut.2024.1370086, **IF 4.0** | 7,20 |
| 4.2 | Molnar, D., Velickova, E., Prost, C., **Temkov, M.,** Ščetar M. Novotni, D. Consumer nutritional awareness, sustainability knowledge, and purchase intention of environmentally friendly cookies in Croatia, France, and North Macedonia. *Foods*. 12(21), 3932, https://doi.org/10.3390/foods12213932, **IF 4.7** | 7,62 |
| 4.3 | Nakov, Gj., **Temkov, M.,** Stamatovska, V., Lukinac, J. Insights on the protease activity and on total and soluble proteins during germination of wheat and barley. *SCSCC6,* 24 (3), pp.261-269, 2023, **IF 0.3** | 4,98 |
| 4.4 | Georgiev, Y., Ognyanov, M., **Temkov, M.,** Nakov, Gj. Dynamic changes in polyphenols, free carbohydrates, and antioxidant activity during germination of wheat and barley for preparation of malt flour. *SCSCC6*, 24 (4), pp.301 – 315, 2023, **IF 0.3** | 4,98 |
| 4.5 | **Temkov, M.,** Dimitrovski, D., Velickova, E., Krastanov, A. Inulinase immobilisation in PAA/PEG composite for efficient fructooligosaccharides production. *Biocatalysis and Biotransformation*, 40(1), 50-63, 2022, https://doi.org/10.1080/10242422.2020.1858815, IF 2.18 | 6,11 |
| 4.6 | **Temkov, M.,** Mureșan, V. Tailoring the Structure of Lipids, Oleogels and Fat Replacers by Different Approaches for Solving the Trans-Fat Issue—A Review. *Foods*, 10(6):1376, 2021 https://doi.org/10.3390/foods10061376, **IF 4.7** | 7,62 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор индексирано во Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, = 5 x 0.6** | |
| 5.1 | Nakov, Gj., Ivanova, S., Lazova-Borisova, I., **Temkov, M.** Identification of fatty acids in grape and tomato pomace-sustainable valorization of agricultural waste. *Scientific Papers* | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Series Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development* 22(1), 431-436, 2022 | |
| 5.2 | Nakov, Gj., Temkov, M., Damyanova, S., Ivanova, S. The Effect of Whole Buckwheat Flour Addition on Physico-Chemical Characteristics, Biological Active Compounds and Fatty Acids Profile of Breads. *Bulletin of the Transilvania University*, 15(64),161-175, 2022, https://doi.org/10.31926/but.fwiafe.2022.15.64.2.12 | 3,00 |
| 5.3 | Temkov, M., Velickova, E., Stamatovska, V., Nakov, Gj. Consumer perception on food wate management and incorporation of grape pomace powder in cookies. *Scientific Papers Series Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development* 21(1), 753-762, 2021 | 3,00 |
| **6** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји =5** | |
| 6.1 | **Temkov, M.** Food waste reduction as a tool to save the planet. *Food, Nutrition and Environment: Positions in Central European Space*. P. Raspor (Ed.) | 5,00 |
| 7 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји = 0.6*5** | |
| 7.1 | Nakov, Gj., **Temkov, M.,** Lazova-Borisova, I., Lukinac, J.. Properties of flour obtained from malted grains - Review. *International Journal of Food Technology and Nutrition*, (9/10), 48-52, 2022 | 3,00 |
| **8** | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД = 6 x 0.8** | |
| 8.1 | Velickova Nikova, E., **Temkov, M.,** Rocha, J. M., Occurrence of meso/micro/nano plastics and plastic additives in food from food packaging. *In Advances in Food and Nutrition Research,* Elsevier, 2022 | 4,80 |
| 8.2 | **Temkov, M.,** Velickova, E., Tomovska, E.. Ensuring sustainability in baking industry in North Macedonia. *In Baking Business Sustainability Through Life Cycle Management,* Springer, 2023 | 4,80 |
| **9** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир = 5 x 0.6** | |
| 9.1 | **Temkov, M.,** Stoilova, K., Ginoski, B., Djurdjevic, I., Kechovska, S., Gligorova, M., Arizanova, M., Velichkova, E. Sensory Analysis of milk chocolate with inulin as sugar sunstitute. e-Proceedings, pp. 152-158, *V INTERNATIONAL CONGRESS “FOOD TECHNOLOGY, QUALITY AND SAFETY”*, 16-18 OCTOBER 2024, NOVI SAD, REPUBLIC OF SERBIA | 3,00 |
| 9.2 | Arizanova, M., Stoilova, K., Zarkovska, V., **Temkov, M.,** Velickova, E. Comparative analysis of mechanical properties of chitosan and composite chitosan-starch films with anthocyanin extracts e-Proceedings, pp. 134-138, *V INTERNATIONAL* | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *CONGRESS “FOOD TECHNOLOGY, QUALITY AND SAFETY”*, 16-18 OCTOBER 2024, NOVI SAD, REPUBLIC OF SERBIA | |
| 9.3 | Arizanova, M., Gligorova, M., **Temkov, M.,** Velickova, E. Comparison of properties between starch-gelatin films with and without antocyanin extract derived from purpule cabbage. e-Proceedings, pp. 139-144, *V INTERNATIONAL CONGRESS “FOOD TECHNOLOGY, QUALITY AND SAFETY”*, 16-18 OCTOBER 2024, NOVI SAD, REPUBLIC OF SERBIA | 3,00 |
| 9.4 | Nakov, Gj., Ivanova, N., Slavova, V. **Temkov, M.** Sensory attributes of gluten free cookies with almond cold-pressed oil by-product. Book of proceedings. *Engineering and Natural Siences* 2023, 23-24 June 2023, Sozopol, Bulgaria | 3,00 |
| **10** | **Секциско предавање на научен/стручен собир = 1** | |
| 10.1 | д-р Мишела Темков, доц. Хидрогелови вмрежени со помош на радијација. II Студентска конференција на младите уметници и научници – Скопје, Октомври, 2021 | 1,00 |
| **11** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција = број x 1** | |
| 11.1 | **Temkov, M.,** Rannou, C., Fillonneau, C., Marzin, C., Ducasse, M., Prost C. Influence of baking time and type of sourdough bread on volatile organic compounds. Book of abstracts, pp 72. *8th Cereals & Europe Spring Meeting Zagreb*, 10-12 April 2024 | 1,00 |
| 11.2 | **Temkov, M.,** Kiroska, A., Veličkova Nikova, E. Sensory acceptance of tomato pomace enriched crakers. *1st Conference for Green Engineering, Sustainable Materials and Technologies for Circular Economy CIRC 2024*. Book of abstracts, pp 23, 22–23 April, 2024 | 1,00 |
| 11.3 | **Temkov, M.,** Rannou, C. Rocha, J. M., Ducasse, M., Prost. C. Preference and self-reported appetite sensations influenced by consumers’ choice in low GI part-baked sourdough breads. *15th Pangborn Sensory Science Symposium - Meeting new challenges in a changing world.* 2023. Book of abstracts U053 pp. 511 | 1,00 |
| 11.4 | Burgu, D., Dimitrovski, D., **Temkov, M.,** Velickova Nikova, E. Enhancing Strawberry Shelf Life with Essential Oil-Infused Edible Coating, *26 Congress of SCTM*, Book of abstracts pp. 159 Sep 20 – 23, 2023, Ohrid, Macedonia | 1,00 |
| 11.5 | Nakov, Gj., Lazova-Borisova, I., Stamatovska V., Stojanovska T., Arizanova M., Temkov, M. Effect of storage period on colour and textural properties of cookies with wheat malt flour. *2nd International Conference on Advanced Production and Processing (ICAPP)*, 2022, pp. 24 | 1,00 |
| 11.6 | Georgievska, A., Nakov, Gj., Velickova, E.,Temkov, M. Physical properties of muffins fortified with grape pomace. *11th Central European Congress on Food and Nutrition CEFood Congress Book*, 27-30 September, Terme Catez, Slovenia, 2022 | 1,00 |
| 11.7 | Jovikj, A., Arizanova, M., Temkov, M., Velickova. E. Characterisation of bolus of biscuits enriched with grape pomace. *11th Central European Congress on Food and Nutrition*, CEFood Congress Book, 244, Terme Catez, Slovenia, September 27-30, 2022 | 1,00 |
| 11.8 | Emurlai, A., Temkov, M. Determination of storage conditions for grape pomace biscuits using their sorption isotherms. *14th Students congress of SCTM*, Book of abstract pp. 24, 30th September - 2nd October 2021 | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 11.9 | Georgievska, A., Mahmuti, R., Temkov, M. The effects of grape pomace inclusion on the physical properties of muffins. *14th Students congress of SCTM*, Book of abstract pp. 25, 30th September - 2nd October 2021 | 1,00 |
| 11.10 | Trenchevska, M., **Temkov, M.** Rheological properties of functional biscuits made with incorporation of grape skins and seeds from variety "Vranec". *14th Students congress of SCTM*, Book of abstract pp. 30, 30th September - 2nd October 2021 | 1,00 |
| | **Вкупно** | **131.11** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Стручна монографија = 0.8 x 8** | |
| 1.1 | Монографија 65 год. на Технолошко-металуршки факултет | 6,40 |
| **2** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари =1** | |
| 2.1 | Член на комисија за оцена на проекти од натпреварот на средните училишта – Наноматеријали – материјали на иднината за 2024 год. | 1,00 |
| **3** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| 3.1 | Статија на inovativnost.mk: „Уникатни крекери со лушпа од домат се креираат во Ино Фаб Лаб под водство на доцент д-р Темков“, објавена на 1.7.2023 https://inovativnost.mk/2023/06/30/ | 0,50 |
| 3.2 | Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје – Отворен ден на УКИМ во просториите на ТМФ, ноември 2023 година, април 2024, ноември 2024 | 1,50 |
| 3.3 | Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на Саемот на универзитети во МКЦ – Скопје, 6.7.2024 | 0,50 |
| 3.4 | Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во средните училишта „Марија Склодовска Кири“, Георги Димитров, Корчагин, АСУЦ – Скопје, 2024 | 2,00 |
| **4** | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик = број x 0.25** | |
| 4.1 | In Frontiers in Sustainable Food Systems 1 | 0,25 |
| 4.2 | In Food Sience and Technology International 1 | 0,25 |
| 4.3 | In International Journal of Biological Macromolecules 1 | 0,25 |
| 4.4 | In Bulletin of the University of Agricultural Sciences and Veterinary Medicine Cluj-Napoca. Food Science and Technology 1 | 0,25 |
| 4.5 | In Journal of Polymers and the Environment 1 | 0,25 |
| 4.6 | In Acta Poloniae Pharmaceutica 1 | 0,25 |
| 4.7 | In Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering 2 | 0,50 |
| **5** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма = број x 1** | |
| 5.1 | Координатор за изработка на елаборат за студиската програма Металуршко дигитално инженерство на прв циклус студии, на македонски јазик (Решение број 02-2181/1, од 19.11.2024) | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2 | Координатор за изработка на елаборат за студиската програма Металуршко дигитално инженерство на прв циклус студии, на англиски јазик (Решение број 02-2181/1, од 19.11.2024) | 1,00 |
| 5.3 | Координатор за изработка на елаборат за студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија за втор циклус студии, на македонски јазик (Решение број 02-2183/1, од 19.11.2024) | 1,00 |
| 5.4 | Координатор за изработка на елаборат за студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија за втор циклус студии, на англиски јазик (Решение број 02-2183/1, од 19.11.2024) | 1,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир = број x 0.5** | |
| 1.1 | 1st Conference for Green Engineering, Sustainable Materials and Technologies for Circular Economy - GREEN CIRC 2024 | 0,5 |
| **2** | **Студиски престој во странство = до 3 месеци *0.5** | |
| 2.1 | Студиски престој во ONIRIS Oniris – Национална школа за ветеринарство, земјоделство и исхрана, Нант, Атлантик, Франција, во рамките на проектот „Евалуација на вкусот на леб со кисело тесто“, COST Action CA 18101: SOURDOMICS | 0,5 |
| 2.2 | Студиски престој во ONIRIS Oniris – Национална школа за ветеринарство, земјоделство и исхрана, Нант, Атлантик, Франција, во рамките на проектот „Сензорско оценување на леб со кисело тесто“, COST Action CA 18101: SOURDOMICS | 0,5 |
| 2.3 | Студиски престој на Институтот за криобиологија и прехранбена технологија, Земјоделска академија во Софија, Бугарија, во рамките на проектот „Промени на брашно од слад во различни периоди на ’ртење“, финансиран од Бугарскиот национален фонд за наука | 0,5 |
| 2.4 | Студиски престој во Далтон Камбријан институт, Универзитет во Манчестер, Камбрија, Велика Британија, во рамките на проектот IES\R3\203034 „Спасување на планетата чекор по чекор: намалување на отпадот од храна со помош на интелигентно пакување“ | 0,5 |
| **3** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект, соработник = 1** | |
| 3.1 | Решенија на база на растителни хидролитички ензими за преработка на сурутка во одржливи производи со додадена вредност | 1,0 |
| **4** | **Продекан** | |
| 4.1 | Продекан за настава – мандатен период 2023 – 2026 (Решение број 02-670/, од 24.4.2023) | 4,0 |
| **5** | **Член на факултетска комисија= број  x 0,5** | |
| 5.1 | Конкурсна комисија за запишување на студенти на прв циклус студии за учебната 2024/2025 (Решение број 02-1408/1, од 9.7.2024) | 0,5 |
| 5.2 | Комисија за спроведување постапка за селекција на кандидати за користење на правото на плаќање половина од износот на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител за учебната 2024/2025 год. (Решение број 02-1786/1, од 7.10.2024) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.3 | Комисија за спроведување постапка за селекција на кандидати за користење на правото на плаќање половина од износот на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител за учебната 2023/2024 год. (Решение број 02-1829/1, од 5.10.2023) | 0,5 |
| 5.4 | Комисија за дипломски работи (Решение број 02-167/1 од 31.1.20230 | 0,5 |
| 5.5 | Комисија за попис на Технолошко-металуршки факултет (Решение број 02-1515/1 од 18.11.2021) | 0,5 |
| 5.6 | Комисија за попис на Технолошко-металуршки факултет (Решение број 02-1941/1 од 25.11.2022) | 0,5 |
| 5.7 | Комисија за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје (Решение број 02-1875/1, од 16.11.2022) | 0,5 |
| 5.8 | Комисија за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје (Решение број 02-83/1, од 18.1.2022) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **33,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **66,60** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **131,11** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **42,90** |
| **Вкупно** | **240,61** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елена Величкова Никова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Дарко Димитровски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ѓоре Наков, вонреден професор, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

### Магистерски трудови

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Оливера Младено-вска - Аневска | Анализа на својства на две жичани челични јажиња по долг период на експлоатација | Analysis of the Properties of Two Steel Wire Ropes After a Long Period of Exploitation | Проф. д-р Свето Цветковски | 27.3.2025 година Бр. 02-616/1 |
| 2. | Алекса-ндра Кимевска | Еколошко влијание на доработката на деним и предлог на еколошки поволни технологии | Environmental impact of denim finishing and proposal of environmentally friendly technologies | Проф. д-р Игор Јорданов | 27.3.2025 година Бр. 02-617 /1 |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОДГЛЕДУВАЊЕ И НАСЛЕДНИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 12.12.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) одгледување и наследни болести кај животните, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-31/3 донесена на 24.1.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Кочо Порчу, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ѓоко Буневски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) одгледување и наследни болести кај животните, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Никола Адамов, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Никола Адамов е роден на 30.12.1977 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје, во 1996 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 26.4.2002 година, со просечен успех 8,63.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Р Србија. Студиите ги завршил на 12.9.2006 година, со просечен успех 9,88. На 22.1.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Влијание на нарушената секреција на млечната жлезда кај крави во прва лактација врз хигиенската исправност и квалитетот на млекото*.

Докторска дисертација пријавил на 20.5.2011 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дисертацијата на тема: *Детекција на наследни заболувања (BLAD и CVM) и генотипизација на капа-казеинскиот локус кај холштајн-фризиската популација на говеда во Република Македонија* ја одбранил на 10.10.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Петер Довч, редовен професор на Биотехничкиот факултет, Универзитет во Љубљана, д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Ѓоко Буневски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Лазо Пендовски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област ветеринарна медицина.

На 3.9.2015 година е избран во звањето доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во областа сточарство, а на 26.6.2020 год. е избран во звањето вонреден професор на истиот факултет во областа генетика и селекција на домашни животни.

Во моментот е на истата работна позиција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1216 од 1.6.2020 год.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 891/2006, бр. 958/2009, бр. 987/2010, бр. 1050/2013, бр. 1104/2015 и бр. 1216/2020, како и вкупните научни,

стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, кандидатот д-р Никола Адамов изведува практична и теоретска настава на додипломски студии по предметот Сточарство. Покажува големо залагање и посветеност во организирањето и изведувањето на наставата и со своите методи на работа го има подигнато нивото и квалитетот на содржините кои се обработуваат и совладуваат со теоретскиот и практичниот дел од наставата по овој предмет, што им овозможува на студентите да се стекнат со квалитетни знаења и вештини кои понатаму ќе ги искористат во своето професионално работење.

Кандидатот д-р Никола Адамов ги следи најновите светски трендови од оваа област и покажува интерес и отвореност за воведување на нови, современи, методи на учење и работа, со што активно придонесува во подобрувањето на квалитетот на наставата.

Кандидатот бил ментор на еден дипломски труд, а учествувал и како член во комисија за оцена и одбрана на три дипломски труда.

Кандидатот е автор на рецензиран практикум за лабораториски вежби за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, издаден во 2024 година.

**Научноистражувачка дејност**

Во изминатите пет години, д-р Никола Адамов има објавено вкупно 19 научни трудови од областите сточарство и ветеринарна медицина, од кои 7 научни труда во меѓународни научни списанија, 3 труда во зборници од меѓународни академски собири и 9 труда во зборници на апстракти од меѓународни научни собири.

Во изборниот период, д-р Никола Адамов бил раководител на 1 национален научен проект, а учествувал и како соработник во 4 меѓународни и 3 национални научни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Никола Адамов активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за репродукција и биомедицина при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во рамките на овој институт, тој учествува во комисиската работа за одбирање на бикови од кои се набавува генетски расплоден материјал за вештачко осеменување и притоа активно ги следи најновите светски трендови од областа на генетиката и селекцијата на домашните животни. Исто така, задолжен е за исхраната на животните кои се во сопственост на Факултетот, а кои се користат во научноистражувачки, образовни и апликативни цели.

Кандидатот д-р Никола Адамов остварил експертски активности како рецензент на учебник за средно насочено образование за IV година земјоделско-ветеринарна струка, како и рецензии на неколку научни и стручни труда објавени во меѓународното списание Macedonian Veterinary Review.

| 3 | Лела Лазарова | Анализа на аналитичките перформанси на UV/VIS спектрофотометрија и волуметриска титрација за определување на аскорбинска киселина во фармацевтски дозирани форми | Analysis of analytical performance of UV/VIS spectrophotometry and volumetric titration for determining ascorbic acid in pharmaceutical dosage forms | Проф д-р Јасмина Тониќ Рибарска | 02-254/14 1425.3.2025 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
### Специјалистички труд по фармацевтска регулатива

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Зорица Кировска | Фармацевтски развој и подготовка на досие за генерички препарат-филм-обложени таблети со конвенционално ослободување согласно BCS базиран biowaver пристап | Pharmaceutical development and preparation of a dossier for a generic drug product – film-coated tablets with immediate release according to the BCS based biowaver approach | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-254/15 25.3.2025 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
### 3. Докторски дисертации

| Ред. бр. | Име и презиме на канди-датот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Алекса-ндра Јаковче-вска** | „Ефектите на асистивната технологија врз инклузивното образование“ | “The effects of assistive technology on inclusive education“ | Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова | 10-216/12 од 2.4.2025 год. |
| 2. | **м-р Владимир Таневски** | „Црква Воведение на Пресвета Богородица (Св. Спас) во село Кучевиште“ | “The church of the Presentation of the Virgin (Holy Savior) in the village of Kuchevishte“ | Проф. д-р Елизабета Димитрова | 10-200/8 од 2.4.2025 год. |
| 3. | **м-р Гентиана Мемети Адеми** | „Процена на дисграфичност на ракопис кај учениците во редовните основни училишта“ | “Assessment of dysgraphic handwriting among students in regular elementary school“ | Проф. д-р Горан Ајдински | 10-217/12 од 2.4.2025 год. |
| 4. | **м-р Филип Марко-вски** | „Македонија помеѓу Истокот и Западот (1204 – 1261)“ | “Macedonia between East and West (1204-1261) “ | Проф. д-р Александар Атанасовски | 10-215/11 од 2.4.2025 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Милена Крстевска Јовановиќ | „Моделот на државниот матурски испит по Македонски јазик и литература во средните училишта“ | “The model of the state matriculation exam in Macedonian language and literature in secondary schools“ | Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска | 10-605/3 од 2.4.2025год. |
| 2. | Ирена Младеновска | „Менаџирање на имплементација на целите за одржлив развој во воспитанието и образованието во Република Македонија и Република Хрватска“ | “The representation of the concept of sustainable development in upbringing and education in the Republic of Macedonia and the Republic of Croatia “ | Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска | 10-739/3 од 2.4.2025год. |
| 3. | Павлина Стефанова | „Вештините на регрутерите, реалното претставување на работата и методологијата на процесот на селекција како фактори за привлекување кандидати во компаниите“ | “Abilities of recruiters realistic job preview, methodology of the selection process as factors for applicant attraction in companies“ | Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска | 10-606/3 од 2.4.2025год |
| 4. | Христина Блажевска | „Менаџментот на човечки ресурси и организациските пристапи при вработување на лица со намалена работна способност“ | “The management of human resources and organizational approaches to employment of persons with reduced working ability“ | Проф. д-р Анета Баракоска | 10-600/3 од 2.4.2025год |
| 5. | Филип Трајковски | „Политичка и економска историја на Англија во периодот на стјуартите“ | “Political and economic history of England during the stuart period“ | Проф. д-р Никола Минов | 10-620/3 од 2.4.2025год |
| 6. | Мартина Ставревска | „Влијанието на спортот врз моторниот развој кај деца на возраст од 6 до 12 години“ | “The influence of sports on the motor development of children aged 6 to 12 years“ | Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска | 10-703/3 од 2.4.2025год |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Љиљана Стојанова | „Примена на психомоторна реедукација кај учениците со интелектуална попреченост“ | “Application of psychomotor reeducation among students with intellectual disabilities“ | Проф. д-р Горан Ајдински | 10-741/3 од 2.4.2025год |
| 8. | Михаела Ѓурчиноска | „Влијанието на брзината на читање и пишување врз академскиот успех на учениците со специфични тешкотии во учењето“ | “The influence of reading and writing speed on the academic success of students with specific learning difficulties“ | Проф. д-р Александра Каровска Ристовска | 10-652/3 од 2.4.2025год |
| 9. | Андријана Шокларовска | „Подготвеност на наставниците за изработка на индивидуален образовен план за учениците со сензорни оштетувања“ | “Preparedness of teachers for developing an individual educational plan for students with sensory impairments “ | Проф. д-р Зора Јачова | 10-696/3 од 2.4.2025год |
| 10. | Павел Балојани | „Трансдијагностички фактори на ризик за психопатологија кај млади возрасни: перципирано дисфункционално родителство, дефицити во регулирањето на емоциите и нетолеранција на неизвесност“ | “Transdiagnostic risk factors for psychopathology in young adults: perceived dysfunctional parenting, deficits in emotion regulation, and intolerance of uncertainty“ | Проф. д-р Катерина Наумова | 10-740/3 од 2.4.2025год |

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСКИ ЈАЗИК (6.02.01.16) И ПРЕВЕДУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ (6.02.01.31) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 3.3.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), и врз основа на Одлуката бр. 04-212/10 од 20.3.2025 г. на Наставно-научниот совет, донесена на дваесет и првата редовна седница одржана на 19.3.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Солзица Поповска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), во предвидениот рок се пријави д-р Соња Китановска-Кимовска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Соња Китановска-Кимовска е родена на 8.10.1979 во Битола. Со високо образование се стекнала на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на 2.10.2002 година, со просечен успех 9,26, и стекнала право на стручен назив - дипломиран филолог по англиски јазик и книжевност – преведувачка насока. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а во 2003 година е назначена за постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно од Министерството за правда на РСМ.

Во учебната 2003/2004 посетувала настава на втор циклус (магистерски) студии во Истражувачкиот центар за англиски јазик и применета лингвистика при Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, како добитник на престижната стидендија „Чивнинг“ на Министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство, во соработка со Институтот „Отворено општество“ и Фондот за странски студенти при Универзитетот во Кембриџ. Студиите ги завршила на 17.7.2004 година, со просечен успех 68 % (од 75 %).

Докторската дисертација на тема *Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик,* под менторство на проф. д-р Драги Михајловски и проф. д-р Солзица Поповска, ја одбранила на 12.7.2013 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Солзица Поповска, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Зоран Анчевски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, проф. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, проф. д-р Томислав Треневски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, доцент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област англистика.

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 28.1.2015 година, донесена е Одлука бр. 04-233/1 од 29.1.2015 г. со која кандидатката е избрана во звањето доцент по предметите

Англиски јазик и Преведување од англиски на македонски јазик и обратно на Катедрата за преведување и толкување.

На редовната седница на Наставно-научниот совет, одржана на 16.9.2020 година, кандидатката е избрана во звањето вонреден професор на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во наставно-научните области: англистика (Англиски јазик Б3 и Б4) и преведување (Преведување од македонски јазик на англиски јазик (Б) и обратно 3 и 4, Преведување од англиски (В) на македонски јазик 3 и 4 и Преведувачката професија). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020 година.

Д-р Китановска-Кимовска има богато професионално искуство од областа на преведувањето и толкувањето. Во досегашната професионална практика, кандидатката работела за домашни и меѓународни организации и компании, како и на меѓународни и национални научни и стручни проекти, каде што стекнува значајно преведувачко и толкувачко искуство. Во периодот од 2020 до 2025 година, кандидатката учествувала на многубројни научни конференции и собири во државата и во странство, објавила монографии и бројни публикации од областа на транслатологијата во домашни и меѓународни научни списанија. Во фокусот на нејзиниот интерес се преводот и стилистиката, наставата по преведување, оценувањето на квалитетот на преводот и професионалните аспекти на преведувањето. Истовремено работи и на својот професионален развој преку учество на бројни конференции, работилници и семинари во државата и во странство.

Д-р Китановска-Кимовска е активна и во невладиниот сектор како член на Органот на управување на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија (ЗПРМ) во два мандата во периодот 2021 – 2023 и 2023 – 2026 г.

Д-р Соња Китановска-Кимовска е член на професионални здруженија, и тоа: Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија (ЗПРМ), од 2011 г. и Европска асоцијација за истражувања во областа на преведувањето (ЕСТ), од 2016 г.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, кандидатката д-р Соња Китановска-Кимовска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Преведување и толкување, по предметите Вовед во преведувањето и толкувањето, Преведувачката професија, Англиски јазик Б3, Англиски јазик Б4, како и вежби по предметите Преведување од македонски на англиски јазик и обратно 3 и 4 и Преведување од англиски (В) на македонски јазик 3 и 4. Покрај тоа, кандидатката изведува настава и на втор циклус студии во рамките на Мастерот по конференциско толкување по предметот Толкувачката професија.

Од другите активности на д-р Соња Китановска-Кимовска во наставно-образовната дејност, како особено важен го издвојуваме нејзиниот ангажман како предавач на работилница организирана од Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија, на тема: Користење СДЛ Традос Студио во преведувачката практика, во август 2020 г. Како член на Комисијата за унапредување на наставата при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, организирала и учествувала на серија работилници, средби и панел-дискусии за наставата во време на пандемија и за насоки за изработка на дипломски и магистерски трудови.

За потребите на студентите за усвојување на новите содржини на предметите, кандидатката изработила пакети материјали по наведените предмети и редовно одржува консултации со студенти за предметите за кои е ангажирана на првиот и на вториот циклус студии.

Кандидатката била ментор на 19 дипломски труда, а учествувала и како член во комисија за оцена или одбрана на 21 дипломски труд.

Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Соња Китановска-Кимовска може да се видат во прилогот кон овој реферат (Образец – Анекс 2).

**2.2. Научноистражувачка дејност**

Паралелно со нејзината наставна дејност, д-р Соња Китановска-Кимовска постојано работи на своето научно усовршување, пројавувајќи интерес за истражување и проучување прашања од областа на транслатологијата. Овој домен се издвојува како главно поле на нејзиниот научен интерес.

Во издавачката дејност истакнуваме дека д-р Соња Китановска-Кимовска е автор на една монографија со наслов „Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик“, објавена во 2020 година во Република Северна Македонија, со поддршка на Министерството за култура. Сознанијата и заклучоците во монографијата се темелат на современи теориски концепти за стилот и преведувањето и на корпусни проучувања на споредбени примери од две драми на Шекспир и нивните преводи на македонски јазик, со што монографијата може да најде теоретска и практична примена во наставата. Кандидатката е коавтор и на две монографии објавени во Република Северна Македонија и тоа „Translation from Multiple Perspectives”: A Collection of Papers on Translation“ (2022) и „Нови пробиви во македонската традуктологија“ (2025). Двете монографии претставуваат збирки трудови за преведувањето што се состојат од трудови кои авторите ги објавиле поединечно или заедно во периодот од 2016 до 2024 година и опфаќаат широк спектар теми од науката, практиката и дидактиката на преведувањето. Сите трудови содржат теориска и емпириска обработка на соодветното истражувачко прашање и се потпираат врз корпуси извлечени од книжевна и стручна литература за јазичната комбинација англиски-македонски јазик. Трудовите даваат широк преглед на теориските основи на предметните подобласти што се истражуваат, нудат низа методолошки пристапи, и се потпираат на богата референтна литература. Како такви, тие претставуваат многу корисно четиво за сите сегашни и идни студенти и истражувачи во науката за преведувањето.

Д-р Соња Китановска-Кимовска има објавено вкупно 17 научни труда од областа на преведувањето, од кои 3 монографии во РС Македонија, 1 научен труд како дел од монографија објавена во странство, 5 научна труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание на рецензирани трудови кое е индексирано во електронските бази на списанија Web of Science, Scopus и EBSCO и има импакт фактор, 3 научна труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание на рецензирани трудови кое е индексирано во електронските бази на списанија Web of Science, Scopus и EBSCO и нема импакт фактор, 3 научни труда во меѓународни научни списанија на рецензирани трудови со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународен академски собир и 1 труд во зборник на високообразовна установа.

Следниве трудови се објавени во странски изданија:

1. Kitanovska-Kimovska S., Popovska S. & Sazdovska Pigulovska M. (2025). Beliefs About Translator Competence and Training Practices: Teachers’ and Students’ Perspectives. In *The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, Vol.13, Issue 1*, ISSN 2334-9182 (Print), ISSN 2334-9212 (Online) (во печат)
2. Kitanovska-Kimovska S., Cvetkoski V., Gjurchevska-Atanasovska K., & Popovska S. (2023). Introducing well-being to the translation classroom: Insights from the

trenches of COVID-19. *Current Trends in Translation Teaching and Learning E, 10*, 132 – 184. https://doi.org/10.51287/cttl20236
3. Sonja Kitanovska-Kimovska, Katarina Gjurchevska Atanasovska, Solzica Popovska and Vladimir Cvetkoski. (2023). “Empowering Teachers and Students to Cope with the Stress of Online Teaching and Learning: Findings from a Pilot Project on Psychosocial Support in the Language and Translation Classroom”. In *The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, Vol.11, Issue 1*, pp. 175-189
ISSN 2334-9182 (Print) ISSN 2334-9212 (Online)
https://doi.org/10.22190/JTESAP221221011K
4. Kitanovska-Kimovska, Sonja. (2022). Work-family interface and job outcomes among professional translators and interpreters. Do COVID-19 and parenting alter the relationship?. In *The Journal of Internationalization and Localization 9:2*, Hendrik J. Kockaert (ed.). John Benjamins Publishing Company, 208–232
5. Katarina Gjurchevska Atanasovska and Sonja Kitanovska-Kimovska. (2022). “Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights”. In *SKASE Journal of Translation and Interpretation Vol. 15 (1),* 23-32, ISSN 1336-7811
6. Sonja Kitanovska-Kimovska and Vladimir Cevtkoski. (2021). The Effect of Emotions on Translation Performance. In *Research in Language, Vol. 19 (2),* pp. 169-186 DOI: 10.18778/1731-7533.19.2.05
7. Kolevska, Silvana, Sonja Kitanovska-Kimovska and Daniela Andonovska-Trajkovska. (2021). “Translators’ Dilemmas in Translating Poetry: The Case of Gane Todorovski’s Poetry in English”. In *Studies in Linguistics, Culture and FLT, Vol. 9, No. 1, Discourses of Change: Language and Literature*, pp. 21-39
8. Kitanovska-Kimovska, Sonja. (2020). “Self- and Peer Assessment for Summative Purposes in Translator Training. Validity and Students’ and Teachers’ Perceptions”. In Ketola, Anne, Tamara Mikolič-Južnič and Outi Paloposki (eds.) *New Horizons in Translation Research and Education 5. Tampere Studies in Language, Translation and Literature A2*. Tampere: Tampere University, pp. 9-41
9. Neshkovska, Silvana & Sonja Kitanovska-Kimovska. (2020). “Some Key Pitfalls in Literary Translation”. In *Studies in Linguistics, Culture and FLT, Vol. 8, Exploring English Studies: Aspects of Language, Culture and Education*, pp. 55-67

Останатите трудови се објавени во национални изданија (списанија и зборници).

Во фокусот на нејзиниот интерес е проблематиката поврзана со преводната стилистика, оценувањето на квалитетот на преводот, методиката на наставата по преведување, како и професионалните аспекти на преведувањето. Во своите трудови, најчесто преку емпириски студии, кандидатката дава осврт на некои од горенаведените проблематики.

Во периодот од 2020 до 2025 год., д-р Соња Китановска-Кимовска со свои трудови зела учество на повеќе меѓународни научни конференции, симпозиуми и научни/стручни собири (вкупно 16) во земјата и во странство (Катар, Шпанија, Бразил, Норвешка, Германија, Полска, Босна и Херцеговина, Обединето Кралство, Турција, Косово). На некои од конференциите била поканета да одржи пленарно предавање. Како поважни ги издвојуваме:

- 4th International Congress of Language and Translation Studies, Selcuk University, Konya, Turkey, 6-8 November 2024
- Ethics and Self-care in Translation, University of Newcastle, Cardiff University and University of Leeds, Newcastle, United Kingdom, 12-14 September 2024
- 7th International Pedagogic and Linguistic, ERL CONFERENCE, EDUCATIONAL ROLE OF LANGUAGE - Links between BELIEFS and LANGUAGE, International University of Sarajevo, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 27-28 June 2024
- 3rd International Conference. Economic and Social Consequences of the COVID-19 Pandemic and the War in Ukraine, Warsaw University of Life Sciences – SGGW, Institute of Economic and Finances, Department of Logistics, Warsaw, Poland, 22 June 2023
- ERL VI Conference 2023: Emotions in Language Learning and Use, Ulm University, Ulm, Germany, 13-14 June 2023

- EST 2022 Congress, University of Oslo, Oslo, Norway, 22-25 June 2022
- ESIDRP 2022, Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, 8-9 April 2022
- 3rd CTER Congress 2022, and University of Lodz, Poland and ZHAW School of Applied Linguistics, Switzerland, Lodz, Poland, 17-18 March 2022
- XL SEMANA DO TRADUTOR, III SIMPÓSIO INTERNACIONAL DE TRADUÇÃO, Plurality in Translation: Social and Professional Aspects, Universidade Estadual Paulista – UNESP, São José do Rio Preto, Brasil, 27 September – 1 October, 2021
- IATIS 7th International Conference, The Cultural Ecology of Translation, Universitat Pompeu Fabra, Barcelona, Catalunya, Spain, 14 – 17 September 2021
- 11th Annual International Translation Conference: COVID 19 and Current Changes in Translation and Interpreting Studies, Translation and Interpreting Institute at the College of Humanities and Social Sciences, Hamad bin Khalifa University, Doha, Qatar, 24 March 2021
- EUATC International Conference: T-Update 21 Virtual, 15-16 April 2021
- Virtual International Academic Conference “TRANSFORMATIONS AND CONSEQUENCES IN SOCIETY DUE TO COVID-19 PANDEMIC”, 5-6 September 2020, AAB College, Pristina, Kosovo

Д-р Соња Китановска-Кимовска учествувала во 1 меѓународен научноистражувачки проект „Translating Anne Enright. International translation project of the European Federation of Associations and Centres of Irish Studies (EFACIS), Feb 2021 – Oct 2022), чија цел беше да се вклучат студентите од различни земји во преведување на делата на Ен Енрајт на своите мајчини јазици. Кандидатката учествувала и во 2 национални научноистражувачки проекта: „Психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во услови на пандемија, март – јуни 2021 г. (прва фаза) и март – јуни 2022 г. (втора фаза), чијашто цел беше да им помогнат на наставниците и студентите да се подготват за справување со предизвиците поврзани со менталното здравје за време на пандемијата. Проектот беше координиран од клинички психолог, кој е реномиран практичар и истражувач од областа на менталното здравје на младите, со специјалност од областа на психологијата на траума.

Кандидатката одржала и 2 предавања по покана на Факултетот за хуманистички науки при Универзитетот „Константин Преславски“ во Шумен, Р Бугарија, на тема: „Tackling stress in the online classroom: Can psychosocial support help?“ (2022) и „Translating irony and culture: the case of “The Importance of Being Earnest” in Macedonian“ (2021).

Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Соња Китановска-Кимовска може да се видат во прилогот кон овој реферат (Образец – Анекс 2).

**2.3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Соња Китановска-Кимовска е активно вклучена во стручно-апликативната дејност преку издавање книги од стручна област, експертски активности, учество на конференции, работилници и обуки, стручни преводи и толкувачки ангажмани, лектура, уредувачка дејност, подготовка на национални документи, учество во комисии и тела на државни и други органи, како и членство во одбори на здруженија поврзани со струката, факултетски комисии и работа на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Од особено значење е тоа што кандидатката е коавтор на содржините во 2 рецензирани публикации, и тоа: „Кус прирачник за менторирање и пишување академски трудови“ и „Нови, безбедни простори: Прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. И двете публикации се изданија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје од 2024 година.

Кандидатката д-р Соња Китановска-Кимовска остварила бројни експертски активности. Како поважни ги издвојуваме стручните мислења за изработка на преводите на стандардите на ИСО за преведување и толкување во рамките на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија, како и упатствата за инсталирање и преведување во пробната верзија на СДЛ Традос Студио 2019 и деталното упатство за користење на СДЛ Традос Студио 2015 за потребите на работилница организирана од Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија. Особено е значаен нејзиниот ангажман како излагач при претставувањето на првиот македонски стандард за преведувачки услуги „Преведувачки услуги – Барања за преведувачки услуги (ISO 17100:2015)“ на настан организиран од Техничкиот комитет ИСРСМ ТК 39 „Јазици, терминологија, преведување, толкување и поврзаната технологија“ при Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Кандидатката, исто така, учествувала во бројни обуки и работилници, од кои се издвојуваат годишните конференции на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија од 2020 до 2024 година, Годишната конференција на Асоцијацијата на преведувачки компании од Европската Унија, конференцијата за професионален развој на преведувачите и толкувачите „Бизнис и практика“ и обуките од Институтот за лингвисти од Обединетото Кралство.

Од особено значење е нејзиниот ангажман како осмислувач и реализатор на Програмата за менторство на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, која се спроведува од 2017 г.

Д-р Соња Китановска-Кимовска е активен стручен преведувач и ревизор на преводот кој работи во области како што се: граѓански сектор, право, бизнис, маркетинг и корпоративно работење, јавно здравје, техника. Кандидатката била ангажирана и како симултан и консекутивен толкувач од организации како што се Центарот за меѓународна правна соработка и Хелсиншкиот комитет од Холандија, Фондацијата „Жена за жена“ од Шведска и бројни даватели на преведувачки услуги од странство. Таа, исто така, лекторирала на англиски јазик 2 книги од Силвана Нешковска, и тоа: „Contrastive Analysis of Selected Language Features of English and Macedonian“ (2024) и „Introduction to the Theory and Practice of Translation: a Coursebook“ (2021).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Како позначајна активност го издвојуваме нејзиниот ангажман како член на уредувачки одбор на меѓународното научно списание „Современа филологија“ во два мандата (2021 – 2023 и 2023 – 2025) и член на Управниот одбор на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија.

Д-р Соња Китановска-Кимовска е активно вклучена во работата на бројни комисии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Како поважно го издвојуваме членувањето во Изборна комисија на Факултетот за спроведување тајно гласање за избор на ректор на УКИМ (2023 г.) и Комисија за унапредување на наставата (2020 г.).

Важен ангажман на кандидатката е подготовка на национални документи како член на техничкиот комитет „ИСРСМ ТК 39 Јазици и терминологија, толкување и поврзаната технологија“, во рамките на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, чијашто цел е носење нови македонски национални стандарди со кои се регулираат различни аспекти поврзани со професијата преведувач и толкувач, како што се стандардизација во областа на преведувањето, толкувањето, терминологијата, технологијата, локализацијата, работните услови и здравјето во наведените дејности. Како дел од овој комитет, д-р Соња Китановска-Кимовска учествуваше во подготовката и носењето на првиот македонски стандард за преведувачки услуги „Преведувачки услуги – Барања за преведувачки услуги (ISO 17100:2015)“.

Повеќе детали за стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на д-р Соња Китановска-Кимовска може да се видат во прилогот кон овој реферат (Образец – Анекс 2).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Соња Китановска-Кимовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Соња Китановска-Кимовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Соња Китановска-Кимовска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Соња Кире Китановска-Кимовска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англиски јазик (6.02.01.16), преведување и толкување (6.02.01.31)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,26<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 68 %/75 %<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: англиски јазик (6.02.01.16), преведување и толкување (6.02.01.31), поле: јазици и книжевности, научно потполе: јазик, подрачје: хуманистички науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: ***The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, Vol. 13, Issue 1***<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***Web of Science, Scopus***<br>3. Наслов на трудот: Beliefs About Translator Competence and Training Practices: Teachers’ and Students’ Perspectives<br>4. Година на објава: 2025 (во печат)<br><br>1. Назив на научното списание: ***Current Trends in Translation Teaching and Learning E, 10*** | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: ***Web of Science, Ebsco***<br>3. Наслов на трудот: *Introducing well-being to the translation classroom: Insights from the trenches of COVID-19*<br>4. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: ***The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, Vol. 11, Issue 1***<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***Web of Science, Scopus***<br>3. Наслов на трудот: Empowering Teachers and Students to Cope with the Stress of Online Teaching and Learning: Findings from a Pilot Project on Psychosocial Support in the Language and Translation Classroom<br>4. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: ***The Journal of Internationalization and Localization 9:2, Hendrik J. Kockaert (ed.). John Benjamins Publishing Company***<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***Scopus***<br>3. Наслов на трудот: Work-family interface and job outcomes among professional translators and interpreters. Do COVID-19 and parenting alter the relationship?<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: ***SKASE Journal of Translation and Interpretation*** **Vol. 15 (1)**<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***EBSCO***<br>3. Наслов на трудот: Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: ***Research in Language, Vol. 19 (2)***<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***Scopus***<br>3. Наслов на трудот: *The Effect of Emotions on Translation Performance*<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на научното списание: ***Studies in Linguistics, Culture and FLT, Vol. 9, No.1 Discourses of Change: Language and Literature***<br>2. Назив на електронската база на списанија: ***EBSCO***<br>3. Наслов на трудот: *Translators' Dilemmas in Translating Poetry: The Case of Gane Todorovski's Poetry in English*<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на научното списание: ***Studies in Linguistics, Culture and FLT, Vol. 8, Exploring English Studies: Aspects of Language, Culture and Education*** | |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: ***EBSCO***<br>3. Наслов на трудот: *Some Key Pitfalls in Literary Translation*<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: **Journal of Contemporary Philology Vol. 5 (1)**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно **24 (Македонија 8, Руска Федерација 2, Иран 1, Белгија 1, Данска 1, Романија 1, САД 1, Канада 1, Шпанија 1, Франција 1, Полска 2, Хрватска 1, Германија 1, Србија 1, Италија 1)**<br>3. Наслов на трудот: Translation of Medical Terminology: Strategies for Translating Covid-19 Terms from English into Macedonian<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: **Teacher 22**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):: вкупно 17 (3 Македонија, 4 Србија, 3 Словенија, 2 Русија, 1 Романија, 1 САД, 1 Хрватска, 1 Словачка, 1 Англија)<br>3. Наслов на трудот: Translation of Food Discourse<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на научното списание: **Славистички студии 20**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):: вкупно 7 **(Македонија 2, Руска Федерација 1, Србија 1, Полска 1, Австрија 1, Чешка 1 )**<br><br>3. Наслов на трудот: Нормите во македонскиот книжевен систем: анализа на улогата на преводите на Шекспир од Михајловски<br>4. Година на објава: 2020 | Да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание:<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД:<br>3. Наслов на трудот:<br>4. Година на објава: | Не |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на книгата: ***New Horizons in Translation Research and Education 5.*** **Tampere Studies in Language, Translation and Literature A2**<br>2. Наслов на делот: *Self- and Peer Assessment for Summative Purposes in Translator Training. Validity and Students' and Teachers' Perceptions*<br>3. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Финска<br>4. Издавач, година и место на издавање/објавување: University of Tampere, 2020, Tampere | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: **Proceedings of the ESIDRP International Conference: English Studies at the Interface of Disciplines:**<br>**Research and Practice (ESIDRP) (April 8-9, 2022, Skopje, R. N. Macedonia)**<br>2. Назив на меѓународниот собир: English Studies at the Interface of Discipplines: Research and Practice (ESIDRP), International Conference of the Department of English Language and Literature, Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, 8-9 April 2022<br>3. Имиња на земјите: Австралија, САД, Бугарија, Р.С. Македонија, Србија, Полска, Велика Британија, Хрватска, Литванија, Данска<br>4. Наслов на трудот: *The Case for Offering Psychosocial Support to Staff and Students in Higher Education*<br>5. Година на објава: 2023 | Да |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава _______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | Не |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Нови пробиви во македонската традуктологија**<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2025 г.<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Кус прирачник за менторирање и пишување академски трудови**<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2024 г.<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Нови, безбедни простори. Прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална** | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **поддршка на Филилошкиот факултет „Блаже Конески“.**<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2024 г.<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Translation from Multiple Perspectives: A Collection of Papers on Translation**<br>2. Место и година на објава: Битола (МНД), 2022 г.<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик**<br>2. Место и година на објава: Скопје (Датапонс), 2020 г. | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен:<br><br>Одлука бр. 04-649/14, донесена на 16.9.2020 г., врз основа на рецензија објавена во Билтен бр. 1219 од 15.7.2020 г. | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Соња Китановска-Кимовска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англиски јазик (6.02.01.16), преведување и толкување (6.02.01.31)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од втор циклус**<br><br>Филолошки факултет<br>(мастер по конференциско толкување)<br>Толкувачката професија (1+1)<br>(прв сем. 2023/24 – 2 x 15 x 0,05) = 1,5 | 1,5 |
